КРСТО ЛАЗАРОВ

Спомените на Крсто Лазаров – Коњушки (1881/2-1945), пишувани во 1933 година во Софија, се животна исповед на неговата комитска активност во кумановскиот реон до 1930 година.

Вклучувајќи се во македонското ослободително движење на 18-годишна возраст, Крсто Лазаров ќе стане кумановски околиски војвода, а по Првата светска војна и член на потесното раководство на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО). Учествувал како делегат на трите последни конгреси на ВМРО: на VI-от во 1925 година бил избран за член на Воената комисија, на VII-от во 1928 година бил во Работното претседателство, а на VIII-от во 1932 година бил избран за привремен претседател на конгресот. За време на Втората светска војна се вратил во Куманово и се ставил во услуга на бугарската окупаторска власт, за што во јануари 1945 година бил стрелан од македонските државни органи.

Како непосреден учесник и еден од поистакнатите војводи на ВМРО, Крсто Лазаров во своите спомени дава автентични сведоштва за позначајните настани од историјата на Македонија и на македонското ослободително движење, како што се: Џумајското и Илинденското востание, Младотурската револуција, Балканските војни, Првата светска војна и меѓувоениот период. Преку борбите што ги водел со турските и со српските пропагандни чети, како и со воените и полициските сили на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (по Првата светска војна до 1930), авторот на извесен начин детализира, расветлува и дополнува некои одделни, досега недоволно познати моменти од овие бурни настани од историјата на македонското ослободително движење. Сите овие процеси и појави авторот ги дава, пред сè, преку призмата на своите погледи и сфаќања, раствоpен од високата „политика" и од заткулисните борби што се воделе во раководството на Организацијата, на која тој верно ѝ служел сè до својата смрт.

Спомените на Крсто Лазаров-Коњушки, исто како и досега објавените спомени на македонските дејци и револуционери, се еден вид автобиографија на неговите подвизи, исправени пред ризикот за сопствениот живот, водени од еден слободарски идеал. За него, како што вели самиот на едно место во споменте, „не беше важно со кого ќе заминам во Македонија. Немав претстава за борбите што се водеа помеѓу централистите и врховистите За мене беше важно да заминам за Македонија". Ова, на

некој начин, беше револуционерно-филозофската определба на секој млад македонски четник што безрезервно ѝ се предавал на Организацијата.

Спомените на Крсто Лазаров ги запишал Бојан Мирчев во 1931 година. Денес тие се наоѓаат во Централниот државен архив во Софија, Р Бугарија[1], пишувани на машина на бугарски јазик, а изнесуваат вкупно 43 страници. Поголемиот дел од неговите спомени ги објавив во магазинот „Збор“.[2]

[1] Централен държавен архив, София, Фонд 1932 – Национално освободителни организациии на македонските българи след Берлинския договор 1878, оп. 1, а.е. 130, л. 1-43.

[2] „Крсто Лазаров – Спомени“, „Збор“,Скопје, 15. XII 1996 – 1. VI 1997 (фељтон во пет продолженија).

СПОМЕНИ

Спомените на Крсто Лазаров Иванов – долгогодишен кумановски војвода, се стенографирани. Првата моја средба со него беше на 18 септември 1931 година. Јас ги искористив неговите краткотрајни престои во Софија и успеав во текот на неколку средби целосно да ги стенографирам неговите спомени. Крсто Лазаров посака, откако јас ќе ги дешифрирам стенограмите, да му ги прочитам. Тој тоа го посака за да може самиот да се проконтролира дали за време на раскажувањето не пропуштил нешто. И навистина, при новите средби Крсто направи некои дополнувања, а исто така исправи и некои направени грешки од него. Спомените во завршен вид беа привршени одвај кон средината на 1933 година.

Софија, 4 август 1952 г. Б. Мирчев

Револуционерната дејност во Кумановско

Роден сум во 1881-2 г. во село Коњух, Кумановско, сега Кратовска околија. Татко ми се викаше Лазар Иванов и се занимаваше со земјоделие. Мајка ми се викаше Таска (Анастасија). Селото Коњух е мало село чифлигарско, со околу 40 куќи. Јас сум се родил по смртта на татко ми, кој починал од природна смрт. Одгледан сум од брат ми Дојчин. Бевме четворица браќа. До 8-9 годишна возраст бев во селото, а потоа, бидејќи требаше да се плаќаат даноци, се преселивме во Куманово. Една вечер натоваривме на една кола тоа што можевме и избегавме во градот; целиот недвижен имот го оставивме. Имавме долг од околу 50 наполеони на бегот и тој ни го прибра целиот добиток. Покуќнината и другото што не успеавме да го однесеме при бегството го собрал бегот заради долгот. Мајка ми со двајца од нас се прибра во Куманово. Едниот од браќата беше во Бугарија, а најстариот брат се пресели на друго место. Во Куманово чиракував по крчми, потоа кај еден кројач. Тоа траеше неколку месеци, но занаетот не го научив.

Наскоро дојде Виничката афера. Во Куманово живеевме со Ангел (Геле) П. Арсов Малински, кој беше војвода. Тој беше родум од селото Малино, Кумановско[3]. Негов татко беше поп Арсо. Колку што знам, тој бил комита уште во 1895 г., навидум земал учество при нападот на Мелник со Сарафов, уште пред Виничката афера, па откако таа беше провалена, Турците го побараа и него. Порано тој бил пајтонџија на скопскиот владика. Со него во Куманово живеевме во една куќа. Кај него се криеше еден негов пријател, по име Хаџи Михаил, од град Струмица. Како што реков, живеевме заедно и честопати гледав како се носеше кај нив оружје. Тогаш многу ретко можеше да се види такво нешто и тоа ми оставаше голем впечаток. Ќе донесеа 5-6 револвери и ни ги предаваа за да ги криеме, но тоа, се разбира, стана подоцна, кога нè запознаа, а и млади бевме, сè уште деца, така што беше нормално да се чуваат од нас. Пред нас зборуваа сè против Турците, што мене многу ми се допаѓаше. Откако се уверија дека јас нема да издадам ништо и дека оружјето ми оставаше голем впечаток, почнаа да ми се доверуваат. Ми кажаа: сето тоа е за Турците, ќе правиме нешто. Започнаа да ми доверуваат револвери, кои јас требаше да ги однесам на определени места. Ги ставав во појасот и одев во чаршијата, каде што ги продавав на некои од еснафлиите: Иван Бучински, Анто Илиев, Стојче Павлев, сè еснаф луѓе. Тогаш јас немав никаква претстава за Организацијата.

Не помина долго време, околу две години откако се преселивме во Куманово, се откри Виничката афера. Таа беше почната во Виница, Кочанско, и се шириле по другите околии, така секој што беше замешан наоѓаше спас во бегство. Аферата наближи накај Куманово и една вечер Ангел, заедно со Хаџи Михаил, избегаа. Аферата стана достоинство за сите, започнаа да се шират гласови дека Турците откриле нешто и дека сите замешани лица се барани со списоци. Во Куманово ги донесоа заробените паланчани. Започнаа да се прават претреси и во Куманово, и бидејќи Турците ништо не можеа да откријат, многумина по селата беа тепани. Аферата не напредуваше брзо. Во Куманово кон апсења се пристапи дури 15-20 дена по откривањето на аферата. Ако и имало нешто за сокривање, или било тргнато со време, или пак било добро сокриено. Имаше апсења, но мене не ме уапсија. После тоа ги ослободија уапсените, но наскоро пак се прошири дека Турците повторно се подготвувале да започнат со

[3] Денес Светиниколско.

апсења и тогаш јас бев принуден да избегам. Ми помогна мојот стопан, Никола Канаревски – Чорбаџиски. Тој беше богат човек. Подоцна, во 1907 г., тој беше заклан од српските чети, кога тие започнаа да дејствуваат во нашиот крај. Српските чети успеаја да го посрбат целото село Канарево, но неговото семејство, кое броеше околу 30 члена, си остана бугарско до крај. Кога доаѓаше владиката од Скопје, отседнуваше во куќата на дедо Никола, каде што имаше за него определена специјална одаја. Речиси сите замешани во Виничката афера избегаа со негова помош, преку селата Жегљане, Канарево и Паланечко.

Во врска со Виничката афера од Куманово избегаа: Голо Мехов, Христо Кипријанов, Стојчо Чекров. Аферата во Куманово ги засегна: Доне Градишки, којшто беше многу тепан, Анто Илиев, Георги Стаменов, Јордан Сечков, Миле Бенков, Денко Думановски. Имаше уапсени и други во Куманово. Од селата беа засегнати: Малино, Градиште, Кокошиње и Мургаш. Селата од кај Козјак планина, како на пример: Коњарево, Жегљане, Младо Нагоричане, Бајловце. Тука имаше организирани луѓе, но аферата не ги засегна. Од селата беа уапсени: учителот Иван Кралев од Мургаш, свештеникот Анани Анастасов, учителот Арсени Николов. Оружје беше најдено во селата: Малино и Градиште, и тоа пред сè револвери-бешлии. Од Куманово избегав и заминав за Ќустендил. Избегав заедно со една група селани. Во Ќустендил се сретнав со мојот состанар Ангел, кој ми даде 5-6 лева за храна. Започна да ми ги објаснува задачите и целите на Организацијата. Ме успокојуваше. Јас бев тогаш на 14-15 години и бев доста исплашен. Од Ќустендил заминав кај брат ми во Софија. Тука, на улиците продавав слатки, ѓевреци и пити. И така печалев по некој лев и поминував добро. Тоа продолжи од моето бегство во 1900 година.

Организацијата започна да дејствува со чети и кај мене се роди желба да земам учество во нејзината работа. Брат ми стана четник во 1895 г., заедно со Бузаков и Матов. Се запознав со четници, претежно од Бугарија, врховисти. Во тоа време во Софија се слушаше за Врховниот комитет, а јас се запознав со негови луѓе кога продавав слатки, посетував разни локали, меѓу кои и Ломскиот ан, каде што сретнував четници. Кога ги гледав, во мене се роди желба да станам и јас четник. Се запознав со некои од нив и тие ме одведоа во канцеларијата на Врховниот комитет, која се наоѓаше на плоштадот Славејков. Тука ме запишаа за четник. За мене не беше важно со

кого ќе заминам за Македонија. Немав претстава за борбите што се водеа помеѓу централистите и врховистите. За мене беше важно да заминам за Македонија. Бев млад, па кога ги молев или прашував да бидам запишан за четник, ме одвраќаа со подбив. И така, еден ден отидов во канцеларијата на Врховниот комитет и ме запишаа за четник. Тогаш заедно со мене беа примени и неколку други момчиња. Не помина многу време и ми јавија да се подготвам за пат. Ја напуштив работата. Надвор од Софија, некаде кај Драгалевци, во една барака близу до туланата, нè снабдија со пушки и капи, на кои беа прикачени лавчиња. Во Витоша имавме практична вежба со пушки од час и половина, и јас тука за првпат стрелав со пушка.

Со војводата на така формираната чета се сретнавме во село Рила, Дупничко. Тоа беше капетан Јордан Стојанов. Во четата бевме 30 души и до селото Рила пристигнавме по разни патишта. Патувавме со пушки на рамо. Кога наближивме до Дупница, почекавме малку да се стемни и тогаш влеговме во градот. На крајот од градот нè пречекаа, преноќивме и следната вечер продолживме за Рила. Водач на групата ни беше бившиот полициски стражар од Велико Трново, по име Трајко, крупен и силен маж. Во групата имаше и офицери. Како што реков, со капетан Јордан Стојанов се сретнавме во село Рила, од каде што заминавме за границата. Близу до границата ни ги заменија пушките и ни дадоа малихерки. Границата ја поминавме кај Чатал, наспроти Рилскиот манастир. Ја преминавме границата и се сретнавме со селани. Нашиот комитлак тогаш траеше кратко време. Отидовме во село Србиново и оттаму се вративме неколку души. Јас се разболев и морав да се вратам. Се вратив во Софија и го продолжив стариот занает. Тоа беше во 1901 година.

Наскоро, непосредно по Џумајското востание 1902 г., пак се пријавив за четник. Тогаш пријавувањето за четници беше масовно. Се собравме околу 60-70 души, и по истиот пат преку Витоша се упативме за Дупница. Сега водач ни беше капетан Димитриев, родум од град Русе. Него јас за првпат го видов. Тој сакаше многу да пие ракија и беше постар човек. Ја преминавме границата и обиколувавме неколку дена околу село Марлево, Џумајско, зашто не можевме да стапиме во врска со тамошните чети. По Џумајското востание беше сè разнебитено, па влеговме околу 10-15 км кон селото Марлево. Останавме неколку дена и пак се вративме. На враќање, на неколку километри пред границата, бевме откриени од стражата, која беше значително зголемена. Започна пукање и ние еден по еден

се префрливме на бугарска територија и се распрснавме во различни насоки, а потоа сите здрави и живи се собравме во Рилската планина, каде што престојувавме 2-3 дена. Тука пристигна, не знам од каде, капетанот Јордан Стојанов заедно со една група.

Нашата чета се расформира, капетанот Димитриев замина за Софија, при што голема група од четата остана со капетанот Јордан Стојанов. Пристигна генералот Цончев и од сите четници се формира чета од околу 30 души.

По неколку дена заминавме повторно во внатрешноста. Влеговме во селата: Бистрица, Марлево, Градево, Србиново и оттука се упативме преку село Сенокос за село Ошава. Во селото не влеговме, туку се сместивме на една карпа надвор од него. Беше есен и седнавме на карпата, печејќи се на сонцето. Стражарите соопштија дека се задала потера. Го напуштивме местото и набргу таму се појавија Турци. Се искачивме повисоко. Нашето повлекување стана набрзина и некои од четниците не можеа навреме да се повлечат. Турците фатија еден од четниците на спиење и го убија. Сето тоа ние го гледавме од височина, каде што бевме фатиле позиција. Околу пладне нè открија. Борбата се водеше од една страна. Ние бевме на една карпа, а Турците под нас, долу. Тие, којзнае зошто, не нè опколија и борбата продолжи до вечерта. Се даде наредба за повлекување и без да чекаме да се стемни добро, ние отстапивме, движејќи се по една стрмнина, за да не бидеме забележани од Турците. Отстапивме по стрмнината. По едно време Турците нè забележаа и започнаа да нè опсипуваат со оган. Ме рани во левата нога, во дебелото месо над коленото. Исто така, рани и еден стар доброволец, кој беше родум од градот Русе. Избегавме нагоре и преку планината се спуштивме во село Србиново. Останавме околу еден ден во планината и следната вечер ја преминавме границата кон Бугарија.

Настапуваше есента и јас повторно се прибрав во Софија, каде што продолжив со старата работа. Некакво Словенско друштво ми даде облека, а по еден месец добив издршка додека да ми оздрави ногата. Во болницата не лежев, туку се лекував амбулантно.

Во 1903 г. пред Ѓурѓовден, повторно се формираше чета под раководство на капетан Јордан Стојанов, и откако настапи пролетта, рано пред Велигден заминавме за Македонија, сега веќе не преку Витоша, туку преку Самоков, до каде што патувавме пешки. Нè облекоа близу Софија, кај Борисовата градина. Во Самоков престојувавме во една куќа-воденица, каде што беше студено и речиси

премрзнавме; беше рано, околу 20 дена пред Велигден, којшто го отпразнувавме подоцна, во село Пирин. Од Самоков заминавме за Рилскиот манастир, каде што престојувавме во гостилницата над скалите, околу два дена. Со храна нѐ снабдуваше еден калуѓер и за нашето присуство знаеше само тој. Со нас беше и потпоручникот Танушев. Кога наближивме до границата, дојде капетан Јордан Стојанов, а до неговото доаѓање со групата раководеше фелдфебелот Мицов, родум од Бугарија, кој беше определен за војвода. До Самоков патувавме без оружје. Границата ја минавме кај Чатал. Тоа се случи пролетта 1903 година. Ја преминавме границата и ги обиколивме селата: Влахи, Пирин и Лилјаново. Обично се движевме низ повисоките села, а долу беше Сандански. Стражарите соопштија дека се појавила потера и ние денски тргнавме нагоре кон планината. Започнавме да го обиколуваме Пирин. Тогаш комитлакот беше особено развиен – се движевме само денски. Потоа пак се вративме во селата, но не влеговме во нив туку престојувавме обично во колибите, каде што ни даваа леб. Понекогаш одевме на лов на Пирин по диви кози и сл. Ќе испукаме 20-30 пушки и пак ќе се приберемe кај групата. На лов одевме помладите другари, по 5-6 души, а останатите нѐ чекаа во некоја месност. На Велигден се најдовме во селото Ошава. Се наоѓавме на едно високо место, селаните ни донесоа храна, заклавме едно говедо и почнавме да го вариме и да го печеме. Но не помина многу време, ни соопштија дека идела потера. Бевме предадени од селанецот Манчо, раководител на селото. Отворивме оган, избегавме во месноста Мандрите. На нашиот оган одговорија и Турците. Од наша страна не дадовме жртва и се повлековме нагоре, а Турците тргнаа надолу и не нѐ гонеа. Се искачивме по врвовите и го продолживме патот по гребенот на планината во правец кон Разлог. Запаливме оган од смрека и преноќивме. Беше летно време, Ѓурѓовден, и не беше студено. На другиот ден тргнавме надолу по селата Србиново и Сенокос. Ни дадоа храна. Започна да паѓа лапавица, бевме високо и застанавме и запаливме оган. По малку ни соопштија дека сме биле откриени од некоја потера, која ја забележавме кога веќе ни се приближи. Отворивме оган. Беше паднала магла и Турците успеаја да ни се приближат доста близу. Во нашата чета беше и комитката Катерина Арнаудова. Заврна снег. Борбата продолжи до вечерта. Турците стрелаа од ниско, а ние ги зазедовме позициите на високо. Бевме боса команда. Падна ноќ, се повлековме, но поради големата магла една група од нашата чета од 5-6 души се

изгуби. По врвовите на Пирин падна голем снег. Ги баравме другарите, но не можевме да ги најдеме. Во групата на изгубените бев и јас, еден жандармериски наредник од Трново, еден даскал од Серско и еден момок-четник од селото Србиново. Кога останавме сами, не знаевме кој пат да го фатиме и започнавме да талкаме наваму-натаму. Најпосле решивме да се вратиме назад, на местото каде што бевме откриени од Турците. Меѓутоа, не познавајќи ја месноста, ние се симнавме уште понадолу. Шумата беше раззеленета, а горе врнеше снег. Денот го поминавме со голем страв, но ништо не се случи. Останатите другари се вратиле во Бугарија. Ние тргнавме кон селото Лилјаново, водени од даскалот и од жандармерискиот наредник. Селаните почнаа да ги истеруваат овците во планината и од овчарите разбравме дека во судирот биле убиени двајца: Ангел од с. Кресна – учител, и Страшимир од гр. Елена. Денувавме во село Србиново, од каде што зедовме леб. Селаните беа доста исплашени. Потера од Арнаути влегла во селото и убила двајца-тројца селани. Откако се снабдивме со леб, заминавме за село Бачево, кон границата, држејќи го правецот за Бугарија. Курир ни беше еден од селаните, кој ни донесе и леб. По тридневно патување ја преминавме границата кај Равна Нива и дојдовме во Рилскиот манастир. Во селото Рила се снабдивме со храна и заминавме за Дупница, каде што пунктовиот ни даде по неколку лева, се нахранивме и продолживме за Софија.

Илинденското востание уште не беше објавено. Непосредно по востанието јас го напуштив Комитетот на врховистите и од Дупница заминав за Ќустендил. Тука се формира скопско-кумановската чета со војводата Никола Пушкаров. Во таа чета влегов заедно со 30 души, и на чело со војводата заминавме во Македонија. Со четата беше и кратовскиот војвода Димче Берберчето. Границата ја поминавме близу до врвот Руен. Бевме околу 60-70 души и за првпат ја поминавме границата со толкава голема чета. Со нас беше и поручникот Панчо Константинов, велешки војвода, кој нè придружуваше 2-3 дена и потоа се врати назад за Бугарија, заедно со 10 души. Неговата чета, која нè спроведе до село Дренак, служеше за спроведување групи во Македонија. Кратовската чета, на чело со Димче Берберчето, остана во Кратовско, а ние продолживме за Кумановско, Скопско, накај Вардар. Во Кумановско водел чета некојси Душко од Малешевијата, и Васил Георгиев, непосредно по Виничката афера, како и Димче Поп Арсов. Тие биле група и ги обиколувале селата; биле

учители во тие места и пред 1903 година станале нелегални. Во Скопско чети воделе Кожухаров и Албански.

Заминавме за Скопско-Велешко, со цел да ја минираме железничката линија. Стигнавме меѓу Скопје и Велес, точно на устието каде што Пчиња се влева во Вардар, и свртевме во село Новачани. Го оставивме експлозивот на Диме Рупчето, а ние се вративме накај Ветренскиот манастир. Со нас имаше околу 5-6 души четници – велешани. Откако останавме 2-3 дена во манастирот, една вечер отидовме кон железничката линија за да ја разгледаме и да го ставиме експлозивот. Истата вечер ни беше наредено да се стави експлозивот кај селото Новачани, на патот Велес-Скопје, како и кај селото Кожле. Во близина имаше шатори со војници и водевме сметка по експлозивот да отвориме оган врз нив, бидејќи бевме забележани од Турците, кои започнаа да пукаат. Возвративме и ние и, откако успеавме да убиеме неколку души, Турците прснаа да бегаат и оставија пушки и други воени материјали. Влеговме во шаторите, ги собравме оставените материјали и брзо заминавме преку реката Пчиња, на една височина над Ветренскиот манастир. Со нас дојдоа и неколку селани од селото Кожле. Манастирот се наоѓаше на 5-6 километри од местото каде што водевме борба со Турците. Денот го поминавме во една мала шума над манастирот, зашто претпоставуваме дека утредента ќе се појават потери, како што и се случи. Од кај селото Кожле се појави потера. Тоа беше на 2 август 1903 г. Од далеку забележавме дека потерата водеше пред себе група од 20-30 селани. Отворивме оган и војската почна да бега по ридот. Ако не се лажам, убивме и еден од селаните, се разбира, без да го сакаме тоа. Започна борбата и пристигна потера од кај Велешко – Иванковци и др. Ние бевме забарикадирани близу до железничката линија, каде што преку денот пукавме и по возовите. Го забележавме патничкиот воз Скопје-Велес и по него отворивме оган, со што го принудивме да се врати назад. Тука, до реката Пчиња, каде што таа се влева во Вардар, патот е тесен и се движи по ист таков тесен кањон. Турците започнаа да стрелаат по нас од сите страни. Пристигнаа многу Турци, башибозуци, и борбата со голема жестина продолжи до вечерта. Падна ноќ и отстапивме кон Штипско-Кумановско. Кај нас немаше жртви, само неколкумина се изгубија од нашата чета, со кои подоцна се најдовме во Бугарија.

Кога бевме до Ветренскиот манастир селаните доведоа кај нас една српска чета. Таа била дојдена од Врање, била добро прифатена

од селата и потоа ѝ бил даден нашиот канал и селаните ја доведоа кај нас. Тоа беа селаните од Поречието. Војвода им беше некојси Ангелко, а четата броеше 9 души. Ние ништо не им сторивме, тогаш меѓу нас немаше непријателство. Србоманската чета се појави кај нас уште пред атантатите, во кои подоцна зема учество. Таа зема учество и во започнатиот судир. Таа не дојде во Македонија да врши атентати.

Вечерта отстапивме кон селото Дивле – Скопско и се сретнавме со Боби Стојчев, кој беше скопско-кумановски војвода. Тој надушил дека Срби поминале низ неговиот реон. Каналот по којшто се движеа Србите водеше за Битолско. За да ги настигне и да разбере каква е таа работа, Боби Стојчев тргнал по нивните траги. Кога заедно со своите другари слушнал за нашиот судир, дојдоа кај нас. Тоа беше на 3 август 1903 година. Од кај Скопско и Кумановско се зададоа потери, а исти такви се појавија и од кај Велес. Тргнавме за Овче Поле, Св. Николско, кон една височина над Ѓуришкиот манастир, која доминираше над Овчеполијата. Тука се допираат четири околии: Кумановска, Скопска, Велешка и Штипска. Како и српската чета, така и групата на Боби Стојчев беше со нас, и ние веќе бевме околу 50 души. Кога пристигнавме во гората на Ѓуришкиот манастир, една група од наши четници отиде во селата Трстеник, Сопот и Преод за да се погрижат за храна. Во манастирот пристигнавме пред стемнување. Во нашата чета како четник беше и Тодор Паница[4], кој беше избеган како војник.

Една група постари другари отидоа над манастирот за да изберат место за судир, во случај да бидеме откриени. Го избраа Калето, така се нарекуваа едни остатоци од римска тврдина на една височина, недалеку од селото Сопот. Кога нашите другари се упатија кон Калето, по нив беше отворен оган – турската потера веќе го имала заземено Калето. Уште од првите истрели беше ранет еден од куририте. Од селото Дивле до тука нè водеше Ефрем Тасев, од с. Трстеник. Во првиот момент настапи метеж, зашто не можевме да разбереме дали спроти нас имаше чета или пак се стрелаше од потерата. Напоредно до нас се издигаше еден друг рид, којшто не беше како Калето, и Турците се сомневаа во нас дали сме потера

[4] Тодор Паница (1879-1925), близок соработник на Јане Сандански, убиец на Борис Сарафов и Иван Гарванов, еден од основачите на Народната федеративна партија (1909), припадник на федералистичката струја на ВМРО, убиен 1925 година во Виена од Менча Карничева, сопруга на Иван Михајлов.

или комити. И така настапи затишје. Мислеа дека сме потера. За нас беше од интерес борбата да започне колку што може подоцна. И така, затишјето продолжи до 8-9 часот изутрината, време во кое ние се вкопувавме, а истото го правеа и Турците. По извесно време Турците испратија кај нас еден падар, Бугарин од с. Сопот, за да види што луѓе сме, зашто никој од Турците не се осмелуваше да дојде кај нас. Падарот беше наш работник, го препозна Боби Стојчев и ние го задржавме кај нас. Отворивме оган, борбата започна и Турците разбраа дека сме чета. Потерата дошла од Велешко, од Св. Николско, Павлишенци, Коњаре, Скопско и од сите турски села наоколу, од Коњаријата, така се викаа некои турски села во Скопско. Пристигна потера и од Иванковци – Велешко, од јуручките села – Горбанци. Борбата продолжи до 9 часот вечерта и од нашите падна убиен Мирасчиев, а ранија 3 души. Кога се стемни, ние отстапивме кон селото Дивле – Скопско и денот го поминавме во с. Живиње – Кумановско, каде што престојувавме два дена. Потоа отидовме во с. Павлишенци – Кумановско, зашто кон Кратовско имаше многу војска и беше невозможно да се отстапи.

Тргнавме кон Куманово, Пезово, Коњух, Бељаковце, кон српската граница. Денот го поминавме во с. Селјанци, потоа поминавме низ Малотино, Пчинскиот манастир Св. Прохор и се префрливме во Србија, влегувајќи во врањското село Бушрене. Поминавме со помош на Србите и кај нас дојде еден српски пограничен офицер, по име Рафајловиќ. Го доведоа Србите, кои беа со нас, и ние отседнавме во едно манастирче, недалеку од границата, и потоа се упативме кон Врањска Бања, каде што Србите останаа во едно село, а ние преку Мосул поминавме во Бугарија. До границата нè придружуваше еден српски полициски стражар. Во Ѓуешево Бугарите нè уапсија и потоа нè интернираа.

Не помина многу време и беше формирана чета од околу 400-500 души, со војводите: Сотир Атанасов, Мурџев, Пушкаров и Ганчев. Во истата чета беше и Глигор Соколов, којшто подоцна стана србомански војвода. Влеговме 3-4 км во Македонија и потоа пак се вративме. Илинденското востание беше кон својот крај и Турците силно ја чуваа границата. Целта на нашата голема чета беше да го запали градот Паланка. Границата ја поминавме кај селото Коприва, но по едно советување на војводите, се издаде наредба да се вратиме назад. Пропуштив да кажам дека при преминувањето на границата Турците не отворија оган врз нас, а откако ја поминаме границата тие запалија

факели по целата гранична линија и успеаја да нѐ видат. Тоа беше причината да се вратиме назад. Враќајќи се, при преминувањето на границата, откако Турците видоа дека сме толку голема чета, се разбегаа. Отворивме оган по нив. Од кај нас немаше мртви, но бидејќи се создаде голема бркотница, мнозина паднаа и си скршија кој нога, кој рака, кој глава. Ја поминавме границата и на 100-200 чекори од неа легнавме да спиеме. Утредента констатиравме дека недостигаа околу 200 души. Уште првата вечер избегаа околу 100 души. Кој каде стигнал – легнал да спие, потоа станал, ја оставил пушката и избегал, и така групата се распрсна.

Другото утро заминавме кон врвот Црноок – Босилеградско. Пушкарев остана покрај границата кон Паланка. Мирасчиев беше со повредени очи од динамит. Подоцна разбравме дека една група од 40-50 души се префрлила на српска територија, кон Врање. Тие беа од групата на Глигор Соколов и Мурџев. Ние ноќта ги нападнавме турските стражарници, навлеговме околу два километра на турска територија и оттаму стрелавме кон нив. Турците за одмазда го нападнаа селото Караманица, однесоа брашно, сирење и друго, но не убија никого од селаните, бидејќи тие избегале од селото. Турците, исто така, го одвеле и добитокот на селаните. Другото утро селаните ни јавија дека сами ќе се пресметаат со Турците, кои биле влезени во едно маало на селото. Тогаш Глигор Соколов, заедно со Атанас Мурџев се скарале нешто и Глигор Соколов – Љаме се префрлил во Србија и потоа започна да дејствува како српски војвода. Нашата чета се расформира и се прибравме во селото Доганица, недалеку од границата, откако останавме само 5-6 души да го чуваме оружјето. Останавме долго време, а потоа дојде војводата Мише Развигоров и го прибра оружјето.

Во Битолско востанието веќе беше ликвидирано и ние сите се прибравме во Ќустендил. Настапуваше зимата. Во 1904 г. 7-8 души, на чело со Тодор Паница, заминавме за Македонија. Не испрати Пушкаров, кој беше кумановско-скопски војвода. Со нас за Паланечко замина и друга чета, на чело со Савата. Со него одевме до Кратовско. Во Кратовско имаше една група, која ја водеше Јордан Спасов. Тодор Паница отиде за војвода во Кумановско. Поминавме низ повеќе села и бевме добро примени. Тогаш за првпат ги обиколивме селата околу Св. Прохор, кои се наоѓаа покрај српската граница, кон Бајловце, Козјак и др. Во селото Пчиња случајно бевме откриени, нѐ забележал еден Турчин падар. Тука за првпат се борев

сам. Тодор Паница отишол по работа во Куманово, а јас останав како старешина на четата. Отворивме оган и потоа се повлековме. Турците запалија едно маало од селото и убија двајца селани. Потоа обиколивме некои од селата во околијата и во селото Жегљане се сретнавме со Тодор Паница и продолживме да ги обиколуваме селата од страната на Козјак. Тука централно место е Бајловце. Ги обиколивме селата: Бајловце, Рамно, Длабочица, Малотино, Степанце, Жегљане, Арбанашко, Цвиланце, Алинце, Осиче, Дренок, Кокино, Цветишница, Канарево, Орах, Облавце, Руѓанце и Брешко. Овие села се наоѓаат под Козјак, од кај српската граница. Потоа ги обиколивме селата: Пелинце, Карловци и Враготурце. Кога 1903 г. со Пушкаров поминавме низ с. Орах, во правец кон српската граница, во тоа село се изгубија двајца од другарите. Кога се стемнило, едниот од нив, родум од паланечките села, успеал да избега и така се спасил, а другиот бил убиен од Турците. Уште тогаш ние разбравме дека биле предадени од еден селанец од Алинце, кој сега го казнивме. Тогаш бевме принудени да се префрлиме во Србија, зашто се појавија многу потери. Нашата група, тогаш, 1904 г. броеше 7 души, меѓу кои и еден четник, Крсто Трговишки. Тој беше родум од село Трговиште – Прешевско, и 1903 г. беше со нас. Кога преминавме во Србија, тој остана во Врање и започна да дејствува со српските чети. Во 1913 г. тој беше потерџија. Како што веќе спомнав, 1903 г. бевме со четата на Пушкаров. Крсто едно време дејствуваше со четата на дебарскиот војвода Максим, но потоа Мицко, кого го затековме во Врање, го привлекол да дејствува со Србите. Српските чети сè уште не беа почнале да дејствуваат. Тие започнаа во почетокот на 1904 г., со пролетта. Мицко тогаш сè уште беше цивил и нè убедуваше да останеме во Србија и нè советуваше да ги оставиме и пушките таму, велејќи дека „таа работа е иста – било да се дејствува оттаму или одваму“. Ние одбивме да ги оставиме пушките во Србија и поради тоа Србите ги ставија нашите пушки во една вреќа и со еден стражар ги однесоа на границата. Мицко се дружеше со српскиот капетан Рафајловиќ, кој беше претставник на српската организација.

Во 1904 г. пред Велигден се прибравме во Ќустендил. Во тоа време се подготвуваше чета да замине за Кумановско и Скопско. Сандо Чолакот од Штип беше определен за војвода. Тој замина за Македонија, каде што остана околу еден месец, убија неколку четници од неговата чета и тој се врати. По Сандо Чолакот, Мише Развигоров за Кумановско испрати една група под раководство на Коста-

дин Нунков. Со него замина и еден фелдфебел од гардата, по име Гроздан. Во јули 1904 г. Нунков стана кумановски војвода, а во истата година јас заминав за Кратовско со војводата Атанас Бабата, каде што останавме еден месец. Четата на Бабата се состоеше од неколку групи, од кои една водеше Јордан Спасов, кој подоцна стана жртва, ако не се лажам, заради некое несогласување.

Пред Митровден 1905 г. во село Живиње – Кумановско, се одржа окружен собир, на кој присуствуваа: Мише Развигоров, во својство на штипски војвода, Петар Ангелов, паланечки војвода, Атанас Бабата – кратовски војвода, Костадин Нунков – кумановски војвода, Крсто Б´лгаријата – кочански војвода и Даме Мартинов, кој ги обиколуваше Велешко и Скопско со една група. На собирот присуствуваа скоро сите, освен вардарските војводи. Уште првиот ден се појавија потери и ние се повлековме кон Орашец, недалеку од Куманово, каде што во една шума останавме околу два дена. Во селото Живиње – Кумановско, започнале заседанијата, но не беа завршени, Групата броеше 100 – 150 души. Во тоа време откај Св. Прохор, од Козјак, се појавила српската пропаганда и конгресниот собир требаше да расправа за мерките коишто требаше да се преземаат против таа пропаганда. Советувањата продолжија уште два дена во селото Орашец. Гората во која заседаваше собирот беше чифлигарска, и еден Турчин падар случајно нѐ откри. Селаните го фатија и го доведоа кај нас. Го заклавме. И требаше да се преместиме. Од селото Орашец отидивме во селото Мургаш, каде што продолживме со одржувањето на собирот уште една недела. Од Скопје пристигна и Даме Груев, кој скоро бил ослободен од српско заробеништво. Бил заробен при една борба во Поречието – Слатино. Тој пристигна од Скопје придружен од кумановските учители Караманов, Левков и поп Сарафимов и од селани, облечен во селска носија. Потоа продолживме за село Пезово, каде што престојувавме еден ден, и оттука четите си заминаа по своите реони. Во тоа време во Скопско немаше чета и околијата му се даде на Даме Мартинов, кој претендираше за реонски; па се сеќавам за тој случај, ние четниците потоа му се подбивавме, велејќи му: „За мене да се одели реонче“. Јас се одделив од четата на Атанас Бабата и со Нунков останав во Кумановско, чиј реон го познавав добро. Со нас беше и Гроздан Башчауш, фелдфебел на гардата. Започнавме да го обиколуваме Кумановско, каде што српските чети веќе се појавија за првпат и беа навлезени во козјач-

ките села откај Св Прохор. Ние тогаш со Србите не се прогонувавме. Тие беа првите што ги изнасилија егзархиските села.

Наскоро по средбата, Нунков замина на одмор во Бугарија, а како заменик го остави Гроздан Башчауш. Тоа беше кон крајот на 1904 г. и ние со групата заминавме да обиколуваме по селата. Во тоа време беше убиен легалниот работник – раководителот, по име Сотир Поп Пандов, од гр. Куманово. Беше убиен во Србија, на пат за Бугарија, каде што одеше по организациска работа. Тој беше млад човек. Поп Пандов со себе носел сума од 350-400 лири. Бил издаден од српскиот архиерејски намесник во Куманово – поп Ташко, по народност Влав од Крушево. Кога се дозна дека поп Ташко, којшто се посрбил, го издал работникот, градското револуционерно тело на Куманово побара од четата да го ликвидираме. Гроздан одговори дека ќе испрати луѓе за да го ликвидираат поп Ташко. Потоа се влечеше жрепка и мене ми се падна задачата. Се преоблеков и влегов во Куманово, каде што престојував доста долго време. Една неразумна постапка на нашите луѓе во Куманово му дала можност на поп Ташко да разбере за убиството што му се подготвуваше и тој презел неопходни мерки. Наши непромислени лица заврзале еден куршум на портата од неговата куќа, а исто така му испратиле и едно заканувачко писмо. И Турците во неговата куќа оставија цело одделение од 10-15 души војници, на чело со еден чауш, за да го чуваат. И секогаш, кога поп Ташко излегуваше надвор до конакот, каде што одеше почесто, или во црквата, тој секогаш беше спроведуван од 5-6 души аскер – стража, па тешко беше да се издемне момент да се начека и да се убие. Сам не одеше никаде. Тој можеше да биде ликвидиран, но лицето што ќе пукаше во него, или ќе беше убиено, или пак ќе го фатеа. И така, во очекување на погоден момент, јас останав во Куманово околу 30 дена. Потоа ми испратија за другар уште еден четник. Во Куманово, во тоа време, дојде и друга чета, а српската пропаганда започна веќе да навлегува од кај Свети Прохор и насила навлегуваше во селата: Бајловце, Арбанашко, Светишинци, Длобочица и Малотино. Започнавме жестоко да се прогонуваме. Другата чета што дојде во Кумановско, беше Сарафиска, на чело со Бајчев-Шуманов. Со нив дошол и некојси Дако со чета од околу 40-50 души и тие не се сретнале со нашата реонска чета и започнале да дејствуваат самостојно. Тоа продолжи цели 20 дена. Момчето што дојде кај мене за помош, беше од четата на Бајчев, се викаше Димитар Бачев, родум од гр. Велес.

Наспроти вложените усилби, попот Ташко не можевме да го издемнеме и затоа беше решено неговото ликвидирање да биде на самата Нова година – 1905 г., кога тој ќе се упати кон црквата. За таа цел се сместивме во една куќа, близу до србоманската црква. Решено беше да се пристапи кон акција, кога попот Ташко ќе излезе од црквата. Се постави човек за да го следи неговото излегување. По едно време, попот Ташко придружен од ѓаконот Стојан Сеиќ, Србин од Сеница, (Српска), Новопазарско, излегоа од црквата и тргнаа кон Проевската улица, а зад нив, на 30-40 чекори, ги следеа војниците. Беше многу студено и по улиците немаше движење. Поп Ташко, придружуван од гавазот, заедно со ѓаконот се појави на еден од аглите и ние веднаш отворивме оган. Војниците уште не беа појавени. По пукањето попот Ташко падна на земјата, а гавазот, збунет од неочекуваните истрели, веднаш го извади револверот и почна да нишани без да стрела. Ние пукавме во грбот. Попот беше ранет и успеа да избега, а ѓаконот Сеиќ извади револвер и почна да пука. Пукавме во него, лесно го ранивме и тој избега. Војниците исто така започнаа да пукаат. Беше наредено сите бугарски куќи да ги остават капициците отворени. По пукањето ние успеавме да се скриеме во градот. Турците го опколија Куманово, но и покрај внимателните претреси, не можеа да нѐ откријат. Тоа се должеше, можеби, на мошне големиот студ. Два дена по атентатот попот Ташко почина; исто така почина и гавазот, а остана жив само ѓаконот, со кого се видовме за време на Уриетот.

Една недела по атентатот на поп Ташко јас излегов од Куманово и отидов во четата на Бајчев и Шуманов, кои ги најдов во селото Пчиња. Тие ме разоружаа, земајќи ми го револверот. Двете бугарски чети веќе почнаа да се прогонуваат. Ми го зедоа револверот и ме третираа како заробеник, а во тоа време Србите настапуваа од кај нивната граница и ги заземаа селата, па стигнаа до селата Арбанашко и Бајловце, а во нивните раце беа исто така и Бајловце, Длабочица, Малотино, Рамно, така што Србите создадоа нешто како фронт. Меѓутоа, сето тоа не им попречи на нашите две чети да продолжат да се прогонуваат меѓу себе. Мене ме ослободија по една недела, со намера да одам во Бугарија. Јас заминав за Бугарија со Гроздан Башчауш. Нунков се вратил со група од 10-15 души и откако престојував кај него околу два-три дена, се разделивме во с. Пезово и заедно со Гроздан Башчауш, кој беше родум од Карнобат, заминавме на одмор во Бугарија.

Во м. февруари 1905 г. Нунков бил откриен во с. Кутлибег. Стражата случајно наближила до куќата, во која се наоѓал Нунков со неговите другари, отвораат оган, убиваат двајца војници и бегаат. Потоа доаѓа потерата и ги открива во еден рид во с. Пезово. Ридот се викал Пезовски Плач (преданието раскажува дека при доаѓањето на Турците во тој крај, населението плачело. Пезовци отишле по мома во Солун и кога се вратиле во селото ги затекнале Турците и почнале да плачат). Во започнатата битка Нунков бил убиен заедно со неговите другари. Во групата имало и четворица милицинери, двајца од с. Мургаш, еден од Кутлибег, а другиот бил од Пезово. Во битката загинале 13-14 души, а успеал да се спаси само еден млад четник. Во тоа време четата на Бајчев се наоѓала час и половина далеку од местото каде што се водела битката, но таа не им притекнала на помош. Била во селото Павлишенци. Тоа село е големо и таа можела да собере милиција и да им отиде на помош на опколените другари. Но четата на Бајчев не го направила ниту едното ниту другото. Тоа беше во почетокот на 1905 г. и јас тукушто пристигнав во Бугарија. По убиството на Нунков, Србите започнаа да навлегуваат и од другата страна. Поупорните Бугари избегаа во Куманово а другите, кои не можеа да го сторат тоа, беа грабнати и однесени во Врање. Во село Арбанашко беше грабнат учителот Караманов. Исто така беа грабнати учителот во с. Кокино – Цветко Зајков и месниот учител во с. Рамно. Во с. Бељаковце беше убиен Теодоси Шољаков, а во с. Младо Нагоричане, Славејко Граматиков, во с. Челопек – учителот Величко и некои селани, на чии имиња не се сеќавам. Четата на Бајчев не им даде никаков отпор на Србите, па и по убиството на Нунков, а кога се дознало дека таа имала можност да им притекне на помош во битката, ја навлече омразата на населението. Таа не беше прифаќана во селата и тоа беше причината Бајчев да се врати заедно со четата во Бугарија и така околијата во текот на два месеца остана без чета, во време во кое борбата против пропагандата се водеше од самото население. Србите веќе започнаа да се симнуваат по ниските села. Селаните се спротивставуваа, молеа за пушки за да можат сами да се одбранат од српските чети, но пушки не добија. Уште повеќе, една група селани од селата Орах и Канарево пристигнале во Бугарија за да молат да им се дадат пушки, но и тука им беше одговорено дека пушки нема и треба да се вратат назад во своите родни села и да се помират со создадената положба.

Србите, откако ги завладееја селата во планинската област, започнаа да се спуштаат во селата што се наоѓаа во полето: Канарево, Цвиланце, Облавце, Младо и Старо Нагоричане. Меѓутоа, тој поход на Србите беше многу тежок, зашто селата во полето покажаа отпор. Србите, инаку, успеаја да го заземат т.н. Козјак и го ставија во опасност патот Куманово-Паланка, изолирајќи го гр. Паланка од Скопје. Тоа нешто страшно тормозеше, бидејќи патувањето од Паланка и обратно стана опасно, зашто Србите ги убиваа и ги ограбуваа патниците. Тоа продолжи околу месец-два, период во кој околијата беше оставена без чета.

Пролетта, за војвода на Кумановско замина Михаил Чаков. Како четник, со него заминав и јас. Обиколивме околу 30 села. Четата броеше 10 души, но по еден месец Чаков се разболе и си замина назад за Бугарија, а за кумановски војвода останав јас. Тоа беше пролетта 1905 г. И така, до есента, продолживме да ги обиколуваме селата, успевајќи многу од нив да ги повратиме. Многу од селата, кога слушнале дека во околијата се јавила бугарска чета, ги избркаа Србите. Така се повратија селата: Орах, Канарево, Цвиланце, Степанце, Жегљане, Коинце, Челопек, делови од село Старо Нагоричане, кое беше србоманско село, и еден дел од селото Четирце. Исто така, го ослободивме патот Куманово-Паланка и до летото продолживме да ги обиколуваме селата. Кога настапи зимата, Србите започнаа пак да ги напаѓаат селата. Сега веќе, на чело на српските чети беа Ковачевиќ и Спасо Гардев, од с. Станци, Паланечко. Последниов беше Бугарин, но отпосле се посрби и стана нивни војвода. Другите српски војводи беа: Дитко, роден од кумановските села, Крсто Трговишки, од Прешевско, кој како четник беше со нас. Имаше и други војводи, но на нивните имиња не можам да се сетам. Имаше еден поп србоман по име Дичо, од с. Старо Нагоричане, кој грижливо им помагаше на српските чети. Нивниот шеф изгледа дека беше некој српски офицер.

Нападите на Србите 1906-1907 г. не им донесоа ништо значајно. Тие палеа, одвлекуваа стада и сл. Така на пример, селото Орах го нападнале повеќе од 20 пати. Нападите ги вршеа ноќно време и крадеа сè што можеа и се повлекуваа во шумата или планината, за да не ги прогонуваат турските потери. Српските чети броеја по 20-30 души. Покрај тоа, тие водеа и многу милиција од Прешевско, насочувајќи ги во ограбување. Во селата што ги прифаќаа, тие ја плаќаа храната и не собираа пари за оружје. Секоја нивна чета си имаше благајник.

Имаше таков случај во с. Малотино: се појавил цел вод српска војска заедно со офицерите, престојувале неколку дена и потоа се повлекле. Сите биле во униформи. Селото е близу до српската граница и за една ноќ може да се стигне до него. Србите не се плашеа од никаква опасност – границата беше близу, а и теренот беше планински. Во од нив заземените села обично се појавуваше српски офицер во униформа, којшто ги собираше селаните и им држеше говор и потоа си заминуваше. Тоа Србите го правеа систематски и го користеа како средство за агитација. По влегувањето на четата во некое село, значи, по неговото заземање, не за долго време, ќе дојдеше и окружниот војвода, шефот на четите со одделение војници и офицери, ќе ги собереа селаните, ќе им држат говор и потоа ќе се повлечат пак во Србија. Зимата 1906/7 г., исто така се појавуваа српски чети, што кај населението, тоа нешто, природно, правеше голем впечаток. Но наспроти сè, ако четата на Бајчев се зафатеше со прогонување на Србите додека тие се наоѓаа по планинските села, таа можеше без многу труд и жртви да ѝ парира на нивната дејност уште на самиот почеток, зашто борбата ќе беше на рамна нога. Но што се случи? Србите, необеспокојувани од никого, навлегоа во полето и тука веќе задачата за нивното протерување стануваше потешка. Но и на Србите задачата не им беше лесна. Тие обично напаѓаа зимно време и веднаш се повлекуваа. Во полето тие тоа не можеа да го прават. Србите ја имаа наклоноста на турската официјална власт. Годините 1905-6 беа за нас години на висока напнатост. Бугарските и србоманските села, кои беа роднински поврзани, ги прекинаа своите заемни посети, зашто отиде ли некој од селаните, кои имаа омажена ќерка во србоманското село и сл., беа задржувани од српските чети и тоа беше причина да прекинат апсолутно секакви посети од сличен карактер. Исто така, беа прекинати и заедничките и меѓуселските собори, при што сите се одржуваа одделно. Тоа продолжи близу две години. После, 1906-7 г. Србите повторно ги заседоа селата што ги повративме и ги посрбија. Посрбувањето стануваше со сила, со палежи и грабежи и сл. Селата: Цвиланце, Челопек, Коинце, Канарево и Орах беа повторно посрбени и Србите тука конечно се зацврстија; а во селата Облавце и Руѓинце тие не успеаја да влезат. Тие села се наоѓаат од кај Козјак и до денес си останаа чисто бугарски. Честопати се случуваше селата да нè прифатат и нас и српските чети. Таков беше случајот со с. Канарево. Се случуваше истовремено, ние сме отседнале во некои од маалата на селото, а српската чета во друго маало на истото село.

Во 1906 г. Србите се обидоа да направат притисок и над Куманово. Така тие ја бојкотираа чаршијата на загоричките и врањските сокаци, за да можат селата, што беа заземени од нив, да купуваат од таа чаршија. Таа состојба траеше близу две години – до Уриетот. За таа цел имаше поставено селани што го следеа успешното спроведување на тој план. Кога ќе се посрбеше некој, веднаш почнуваа да пазаруваат од него. Селаните од србоманските села пазаруваа само од србомани и пропагандата преку тој бојкот сакаше да го посрби целиот еснаф во гр. Куманово. Нивните усилби, инаку, останаа целосно без резултат. Арнаутите, пак, од околните села, по наредба на својот комитет, наречен Конгра, почнаа да пазаруваат само од турските дуќани. И тоа, инаку, немаше никакво влијание. На нашите трговци – занаетчии не им остануваше ништо друго, освен да реагираат со нудење на своите стоки со пониски цени и, се разбира, тоа беше најразумниот начин за да се излезе од таа тешка положба. Србоманите, пак, од своја страна, алчни за пари, сакаа богато да ја искористат укажаната можност и да ги крадат селаните, кои од пропагандата беа принудени да пазаруваат од нив. Оние што сакаа да купуваат од Бугари, тоа го правеа со шверц – по скришни места. Нашето револуционерно градско тело од своја страна нареди да се праќаат клиенти од бугарските села во бојкотираната чаршија. Наш човек земаше група селани и ги водеше да пазаруваат од некој бугарски трговец, друг ќе однесе друга група селани во друг дуќан и така му се помагаше на бугарскиот еснаф. Како што спомнав, таквата состојба продолжи до Уриетот, од 1906 до 1908 година.

Во тој период имаше непрекинати напади и палежи на селата: Канарево, Степанце, Жегљане, Челопек, Облавце, Цвиланце, Орах и Младо Нагоричане. Тие села 1906 г. Србите ги напаѓаа непрекинато 14 ноќи. Денес ќе го нападнат тоа село, утре друго итн., а Турците не ги прогонуваа, и покрај тоа што имаше многу турска војска. Ќе дојде потера, ќе разбере за слученото и кога селаните ќе им кажат дека српските чети го извршиле нападот, Турците ќе им дадат совет на селаните „да се бранат“ и ќе си отидат. Сите напади се случуваа со грабеж на крупен и ситен добиток, ограбување на покуќнината, пред сè алиштата и чеизите на момите. Сето тоа што беше ограбено се носеше кон планината, кон горното течение на реката Пчиња, во правец на Врање. Дури имаше и случај украденият добиток да биде пренесен во Врање. Во тие неколку години украденият добиток изнесуваше преку илјада грла. При тие напади Србите однесуваа 30-

40 глави крупен добиток и околу 200-300 овци, при што убија и 5-6 души селани. А тие дадоа девет души убиени, при што Турците фатија и еден ранет српски четник. Малкуте жртви на луѓе се должеа на околноста што селаните секогаш беа на штрек и ги очекуваа српските напади. При различни напади Србите убија околу 20-30 души. Ако некој од селаните се спротивставеше да се посрби, издемнуваа погоден момент и го убиваа. Ние, од наша страна, започнавме да поставуваме заседи на повидни србомани, така што тие не смееја да одат на пазар и беа принудени да обиколуваат дури преку Србија, Врање, кон Прешевско. Во 1907 г. пограничните села имаа веќе доволно пушки. Така, на пример, селото Младо Нагоричане, кое е најголемото село во Кумановско, располагаше со повеќе од 200 пушки. Сега веќе селата ја зедоа својата заштита во сопствени раце.

Во Кумановско нема големи села. Најголемото е, како што веќе реков, с. Младо Нагоричане. Тоа имаше околу 400 куќи. Тука имаше околу 3-4 селски војводи: Спиро Георгиев, кој се сметаше за главен војвода, Зафир Сајтов, Георги Лазаров и Спасов. Кога селата се снабдија со оружје, тие повеќе не бараа заштита од околиската чета, туку сами се бранеа поефикасно и со заеднички сили против српските напади. Кога ќе ја почувствуваа опасноста, секој ја земаше пушката и го бранеше селото. Кога ќе поминеше огнот, или кога ќе се појавеше аскерот, селанецот повторно стануваше мирна раја.

Ние ретко можевме да се сретнеме со српските чети, и покрај тоа што се баравме. На двапати се сретнувавме во с. Орах и еднаш во с. Бељаковце. Во една заседа, ние успеавме да убиеме еден Србин и да раниме друг. Ранетиот Турците успеаја да го фатат и така се откри целата афера. Беа уапсени многу селани од србоманските села. Како што реков, со Србите се сретнавме во с. Бељаковце, каде што им поставивме заседа и успеавме да фатиме еден жив, двајца убивме, а другите се разбегаа. Ние не очекувавме дека биле во селото. Откако ги откривме, тие избегаа кон српската граница, кон Козјак. Во тоа време, во с. Јачинце, откај реката, направивме заседа на друга српска чета, која се враќаше од Велешко. Таа броеше околу 20 души и патуваше за Србија. Ја нападнавме во с. Јачинце, убивајќи им четири души. Србоманските чети особено се движеа во зимските ноќи и за една ноќ можеа да стигнат од Кумановско до Велешко, дури до село Рудник – Велешко. Кога ги нападнавме, тие престанаа повеќе да слегуваат надолу и селото Кучкарево, кое порано ги прифаќаше, сега веќе одби да ги прифаќа и стана бугарско.

По Михаил Чаков, за војвода во Кумановско пристигна Шиваров, со група од 20 души. Тој имаше задача да ги поврати селата кои станаа србомански, но не успеа. Само селата што ги обиколувавме си останаа наши. А пак Шиваров, наместо да ги обиколува селата, најчесто одеше во Куманово, каде што собираше пари за оружје. Тој беше родум, ако не се лажам, од Тракија (Чирпан?). Кога одеше во градот, тој ја оставаше четата кај мене. Еден ден нè открија во селото Челопек – Кумановско. Тоа беше на 15. XI 1905 година. Селото беше старо, србоманско, половина беше бугарско, а другата половина – патријаршисти. Отпосле Србите успеаја да го посрбат целото село. Селаните се договориле, кога ќе дојде некоја бугарска чета да ја прифатат и да ја сокријат, а србоманите истото сакале да го сторат при доаѓањето на некоја српска чета. Така се договориле селаните за да ги избегнат убиствата. Веднаш Бугарите од селото им соопштиле на србоманите дека ние се наоѓаме во селото. Последниве отишле и нè предадоа на Турците. Во борбата ние успеавме да убиеме околу 16 Турци. Потоа аскерот нè гонеше дури до Велес, а маалото во кое бевме откриени беше запалено. Судирот започна напладне. Тој беше доста голем и од наша страна не падна никој. Шиваров тогаш не беше со нас, туку дојде подоцна од градот и си замина за Бугарија. Настана конфликт – беше обвинет дека задевал жени, па мислам дека заради тоа го обезоруживме и потоа го испративме во Бугарија.

Во околијата пак си останавме истите, а мој помошник стана Гоце Меѓуречки, родум од Кукуш, кој со мене беше заедно шест месеци.

Во почетокот на 1906 г. пристигна Боби Стојчев, а јас заминав на одмор во Бугарија, каде што немав појдено повеќе од година и пол. Боби Стојчев, обиколувајќи по реонот со Панче Константинов, биле откриени во Ветренскиот манастир, каде што во судирот биле убиени 5-6 души, а утредента се сокриле во с. Новачани, близу Велес. По судирот Панче Константинов влегол во Велес, каде што се сокрил, а Боби Стојчев, враќајќи се во Кумановско, повторно бил откриен во с. Лугунци, каде што заедно со неколку другари бил убиен. Успеало да се спаси само едно одделение, кое се одделило уште при првата битка што се случила кај манастирот Свети Јован. И така се ликвидира четата на Боби Стојчев.

Во борбата кај Лугунци загинаа 15 души, а успеаја да се спасат само 9 души. Боби Стојчев имаше слабост да си потпивнува и честопати се опијануваше и не можеше ниту да се препознае, инаку, како

војвода беше добар. Убиството на Боби Стојчев, како и на Нунков, ме затекна на одмор во Бугарија.

Го обвинија Боби Стојчев дека им го предал каналот на српските чети во Велешко. Вистината е дека тој тоа го сторил сосема несвесно. Српските чети биле предводени од некој негов четник и Боби Стојчев отпосле се досетил и побарал да ги обезоружа, но еден дел од нив избегал кон Поречието, а другиот се вратил назад. По каналот беа пренесени од Даме Мартинов. Групата србомани си заминала надолу и се јавила кај Даме Мартинов, некаде кон Башино Село и Даме ги пренел преку Вардар, без да се обиде да ги обезоружа и потоа, кога го подгонила, еден дел на чело со Крсто Трговишки избегал кон српската граница. Во таа група имало и еден четник, по име Петко, од Старо Нагоричане, и друг по име Наце, од Велешко, кого Стефан Димитров успеал да го фати. Тој го убил Наце, а Петко, кој почнал да плаче, бил испратен во Бугарија, од каде што подоцна се префрлил во Србија, станал војвода и почнал да се движи во Скопска Црна Гора, каде што имало околу десет села.

По битката во с. Јачинце беше прекинат каналот за Велешко. Во таа битка паднаа 4 души и заробивме доста пушки. Го притиснавме селото и тоа се поврати и стана бугарско, иако после тоа поминувале српски чети, но тоа се случувало тајно, без наше знаење. Тоа беше 1906 г. – година во која не влеговме во битка со ниту една српска чета, туку само ги напаѓавме србоманските села. Така, на пример, с. Довезенце го нападнавме двапати. Тоа го правевме како одговор на српските напади по левиот брег на реката Пчиња. Борбата со Србите, таа година, помина само со напади врз србоманските села и со поставување заседи, сретнувајќи се со Србите само во селата: Бељаковце, Довезенце, Јачинце и Орах. Во последново село беа убиени тројца милиционери. Борбите се водеа преку ноќта.

Непосредно по избивањето на Бобиевата чета, јас заминав со група од 7-8 момчиња за Кумановско. И во текот на годините 1906-1907 продолжија нападите од српска страна. Друг војвода во Кумановско, освен мене, не дојде. Во таа година ние никаде не бевме откриени и до 1908 година со Турците имавме само еден судир. Бевме откриени, и тоа сосема случајно, во Младо Нагоричане, каде што имаше гарнизон. Доаѓаат аскери во станот каде што бевме отседнати и предлагаат шверцуван тутун, но гледајќи дека вратата е затворена, тие се посомневале и на тој начин нè открија.

И 1908 г. продолживме да ги обиколуваме селата. Никаде не бевме откриени. Тогаш во Скопско дејствуваше Васил Ациларски, во Штипско – Стојан Мишев, во Кратовско – Јордан Спасов и Запрјанов. Пред Уриетот таму се појавил некаков расцеп. Во планинската област во Кратовско дејствуваше Запрјанов. Милан Ѓурлуков беше во Св. Николско. Уриетот го затекна Александар Чапата како војвода во Велешко. Сите советувања и собири обично се одржуваа во Кратовско, каде што нараќаше и Даме Груев, во својство на окружен скопски војвода.

Точно за време на Уриетот Србите успеаја да го посрбат селото Руѓинце. Жестоката борба помеѓу нас продолжи до Уриетот, а по него таа ослабна. Во годините 1906-1907, како што спомнав, јас го обиколував мојот реон и сите бугарски села, на број околу 40-45. Потоа се разболев од сипаници и се вратив во Бугарија. По патот ги сретнав Петко Пенчев[5] и Павел Христов[6], кои низ Кратовско и Велешко патуваа за Битолско. Тие беа сами и се движеа од село до село. Ги сретнав во с. Стањевце. Тоа беше во предвечерието на Уриетот. Јас бев со мојата чета, денот го поминавме заедно, ги издадоа своите наредби и отпатуваа. Кога го напуштив реонот, за мој заменик го оставив Крсте Талев од град Ресен, кого Србите го убија при првото нивно доаѓање во Македонија 1913 година.

Кога пристигнав во Бугарија, разбрав дека во Битола се објавил Уриетот. Тоа за првпат го слушнав од Власи овчари на Осогово, кои расправаа дека во Битола бил убиен Шемши-паша. Но подробно ништо не можев да разберам. Одвај по неколку дена, кога пристигнав во Бугарија, научив за настанот и преку Ќустендил со пајтон заминав за Куманово. Мојата чета сè уште не беше слегла во градот, а Кратовската и Штипската беа слезени по градовите. Моите четници ме очекуваа за да ги поведам кон градот. Мојата чета тогаш броеше 6-7 души. Ги сретнав во с. Орашец – Кумановско, од каде се упативме кон градот, каде што бевме срдечно пречекани. Од Бугарија до Куманово патував со турски офицери. Со мене во пајтонот за Македонија патуваше и еден бивш четник од с. Трстеник, по име Мирче. При

[5] Петко Пенчев (1882-1947), новинар, член на ЦК на ВМОРО (1908), пратеник во Народното собрание на Бугарија (1931), за време на Втората светска војна се приклучил кон антифашистичкото движење во Бугарија.

[6] Павел Христов (1874-1922), раководител на Костурскиот и Битолскиот револуционерен комитет, член на ЦК на ВМОРО (1908), член на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО (1919).

нашиот пречек, во име на граѓаните говореа архиерејскиот намесник, Давид Ноков, Георги Малински и Монев. Два дена по моето пристигнување од Бугарија, во Куманово влегоа и српските чети. Тие беа поздравени од Монев, Думановски и свештеникот Давид Ноков. Последниов одлично го владееше турскиот јазик и тој беше на чело на групата скопјани и кумановци, која отиде во Солун. Свештеникот Ноков се разболел од радост. По една недела дојдоа од Србија и српски чети. Тогаш дојдоа Коста Пеќанац, Георги Скопјанчето, Јован Довезенски и Мицко Стариот.

Цела недела за време на Уриетот пиевме и јадевме сѐ на турска сметка и потоа се легализиравме. Како легален, јас бев од 16 јули 1908 година до Коледе 1909 г. За време на Уриетот слегоа и сите чети-качаци, Турци, Арнаути. Така, на пример, градот Скопје се наполнил со качаци. Такви слегоа и во Куманово.

Турците наскоро издадоа закон за безделниците, кој беше насочен против нас, зашто ние уште не бевме се зафатиле со работа. Турците му измислија на Милан Ѓурлуков клевета и го пикнаа в затвор. Го обвинија за убиство. Во Кумановско, во с. Стањевци, се случи убиство, па Турците го фатија Ѓурлуков и го уапсија. Во Скопје беше убиен Васил Аџиларски. Положбата, од ден на ден, почна да се влошува. Наскоро во Куманово, заради насилство од страна на еден Турчин над Бугарин, се одржа голем митинг. Причината беше следна: Еден турски бег посака да ги затвори прозорците на околните бугарски куќи, кои гледаа во неговиот двор. Бугарите одбија да го сторат тоа и еден ден бегот се качил и почнал сам да ги зазидува прозорците. Тоа даде повод да се свика митинг, на кој зедоа учество и србоманите. Се држеа говори, а митингот беше предводен од учителот Ангел Георгиев којшто, постоа, требаше да избега. Власта обвини некои граѓани, но мене сѐ уште не ме подгонија. Но, плашејќи се да не паднам в затвор, една ноќ го напуштив Куманово и заедно со Кралев избегавме во едно од кумановските села, каде што по еден канал дојдовме во Бугарија.

Пролетта повторно се зафатив со четништво. Сега тоа беше во потешки услови: Турците презедоа посериозни мерки. Настапи акција за разоружување и по селата се упати многу војска. Годините по Уриетот беа тешки за четничкото движење. Тоа се водеше на истиот начин. Со Србите не се прогонувавме и односите со нив ни беа помеки. Навистина, подготовката на Балканскиот сојуз го покажа своето влијание. Во градовите, Бугари и Срби дејствуваа заедно,

кога тоа се однесуваше на протестите пред турската власт. Нападите меѓу селата престанаа и започнаа посети на роднини во истите села. Српските чети по Уриетот беа доста намалени, а србоманските села почнаа да се враќаат. При акцијата за разоружување, Турците успеаја да откријат еден дел од оружјето. Акцијата за разоружување беше во 1910 г., а потоа ние одново ја продолживме дејноста со оружјето што не беше откриено од Турците. Останати беа некаде 50, некаде 20 пушки, а на некои места имаше и до 100. Кога ги прашавме селаните зошто ги предале пушките, тие ни одговорија дека поинаку не било можно да постапат. „Кога сакавме да избегаме в планина, вие не ни дозволувавте, а кога ги спроведоа потерите, ние го предадовме оружјето, зашто не ни беше овозможено да избегаме.“ Тоа беа одговорите на селаните. Потоа, сите предадени пушки на Турците им беа наплатени од селаните. Во некои од селата Турците не прибегнаа кон ќотек. Кога Турците ги прашале каде им се пушките, селаните им предале извесен број и така го спасиле другиот дел. Сите пушки беа предадени само во с. Пчиња, успевајќи да скријат само 3-4 пушки. Поради тоа селаните од тоа село неколку ноќи со ред спиеле на отворено, од страв да нѐ бидат нападнати од околните села, затоа што ја згазиле клетвата. Подоцна, жителите на селото Пчиња ги платија пушките. Во тоа време една Манлихерова пушка чинеше 80 лева. На тој начин беа собрани околу 1 800 наполеони, пари што беа искористени одвај во 1920 г. за потребите на новата борба. Горната сума беше донесена во Бугарија од месни трговци, кои ја вложиле во една банка. Пушки на селаните не им се купија.

Нашата дејност коренито се разликуваше од онаа на пропагандата. Ние, кога влегувавме во едно село, го организиравме, а потоа распределувавме данок по 50-100 лири. Тоа беа парите што ги собиравме за купување оружје и сите пушки беа претходно плаќани. Српската пропаганда не само што не земаше од селаните пари за оружје, туку нивниот благајник, којшто секогаш ги спроведуваше србоманските чети, ја плаќаше храната и др. на четата. Освен тоа, при напуштање на селото, благајникот ќе им дадеше 3-4 наполеони за да се почестат. Кога влегувале во селото, едно од првите прашања им било: „Колку ви зедоа Бугарите за пушки?“ Србите ги раздаваа пушките без пари и додека нашите организациски луѓе беа ангажирани со своите приватни работи, трговија и сл., Србите располагаа со свои платени луѓе. Така, на пример, во гр. Куманово тие имаа 5-6 души, стари учители и свештеникот, кои добиваа по три златни

наполеони месечно. Србите даваа многу пари и тоа создаваше големо влијание врз народот. Нивни платени агенти во Куманово беа: Миле Цакев, Коле Гребенаров, Харитон Чавдаров, Вукотиќ, тој беше стар Србин од с. Сеница, Новопазарски Санџак, Орде Драгоманов – којшто беше единствениот еснаф – српски агент. Сите гореспоменати лица беа српски учители и добиваа плата, а имаше и други, но тие беа поглавните во градот. Повидни по селата беа: Трајко Поп Димитров, од с. Довезенце, Димчо, пак од истото село, Манасија од село Клечовце, Петко Грков, од новопосрбеното село Кокино, поп Ташко, Цинцар од Крушево, српски архиерејски намесник, кого го убивме во Куманово, исто така беше нивни агент.

Нашата борба со своите финансиски тешкотии исклучително беше врз грбот на населението, нешто што имаше големо влијание. Од друга страна, треба да се спомне дека училишно-просветната пропаганда на Србите беше доста ефикасна. Тие на учениците им даваа облека и јадење. Сето тоа беше од значење за борбата. И покрај таа голема пропаганда, Србите не можеа да забележат големи успеси. Србомани стануваа особено незадоволните од црковната општина. На пример, скарани за роднински врски, пречки за стапување во брак, или пак за разни такси, бидејќи Србите не земаа такви. Тоа беа причините што ги натераа некои да станат србомани. Семејството на Хаџи Зафир Тасев од Куманово стана причина да се посрби друго семејство, од една безначајна причина.

Коренот на србоманите во Куманово е од с. Отља (од кај Арнаутите). Тоа село има 200-300 куќи и селаните избегале во Куманово, создавајќи ја првата јатка србомани. Повод за да избегаат од селото биле постојаните напади на Албанците. Тие се преселиле во Куманово кон 1895 година.

Во почетокот на 1910 г. избегав во Бугарија и подоцна, пак со чета, се вратив во Македонија и почнав да дејствувам. Сега, по акцијата за разоружување, револуционерната дејност се водеше во потешки услови. Но наспроти сè, пак можеше да се дејствува. Наближуваше 1912 година. Во тој период имавме две борби, едната кај село Пчиња, а другата кај село Орашец. Во ова село четата беше предадена, а потоа опколена. Четниците успеаја да се извлечат и се упатија кон с. Пчиња, каде што се сокриле во селската црква. Тоа се случи есента 1911 година. Во борбата што се водела, од четниците немало мртви. Во исто време, поради предавство, беше убиена една група од мојата чета. Тоа се случи во с. Орашец. Во истата група имаше и

тројца милиционери; нив ги убија во месноста Пчела – Одзирон. Четниците отишле во селото за да го испитаат неморалниот живот на некои жени. Предавниците и во двата случаи беа соодветно казнети; едниот од нив беше србоман.

Во соседните околии дејствуваа следните чети: во Кратовско – Дончо Ангелов и Ное Димитров. Последниов, за кратко време беше кратовски војвода. Во Штипско дејствуваа Иван Брло и Стојан Мишев; во Велешко – Петар Лесев; во Скопско – Трифун, братучед на Васил Аџиларски. Скопската околија беше речиси парализирана, бидејќи таму немаше назначено војвода. Во Кратовско имаше групи што престојуваа во планината и не слегуваа долу. Во Паланечко дејствуваше Максим, а потос Трајко.

Во предвечерието на Балканската војна, од постарите војводи останав само јас. Тодор Александров навраќаше во Кочанско, Кратовско и Осоговијата. Околиите што беа останати без војводи беа раководени од него. Чавдаров беше штукнал некаде, а Јордан Спасов беше убиен пред да слезат четите за време на Уриетот.

Пред објавување на Балканската војна, пристигна писмо од Централниот комитет на Организацијата, во кој, во тоа време, се наоѓаа: Тодор Александров, Чаулев и Протогеров. Ако не се лажам, непосредно пред Уриетот дојде до помирување меѓу врховистите и централистите. Пред самата војна добивме наредба од ЦК во која ни се препорачуваше да им укажеме помош на сите „христијански војски".

Не помина многу време и кумановското раководно тело испрати писмо во кое ми се соопштуваше дека Ване Гичев Цакев сакал да се сретне со мене. Тој беше србоман. Средбата се случи во село Бељаковце. Мојата чета броеше 10 души. Добив известување дека пристигнала и српска чета, со која се сретнавме. Војвода на српската чета беше поручник Ранковиќ. На средбата дојдоа и легални србомански раководители од Куманово. Војводата Ранковиќ беше поручник во српската војска и неговата чета, која броеше 5-6 души, беше облечена во српски војнички алишта, а на главите носеа шајкачи. При средбата, Србите истакнаа барање, бидејќи мобилизацијата беше веќе објавена, да дадам согласност да преминат околу 1 000 души четници и доброволци за Велешко, преку Вардар. Толкава голема група не можеше да премине низ бугарските села без наша согласност, зашто од Куманово до Велес немаше србомански села. Желбата на Србите беше таа чета да се најде при објавувањето на

војната во Азот. Јас им одговорив дека сам за тоа не можам да решам и дека треба да го прашам Окружниот комитет. Потоа се разделивме со Србите, при што тие неколку пати ми го поставуваа прашањето, но јас не добив одговор и на тој начин целиот план им пропадна, со што српските чети не преминаа внатре во Македонија. Нашите разговори со Србите продолжија повеќе од три часа. Јас им реков дека ако ги пропуштам низ мојот реон, ќе ги нападнат во Велешко и сл. Подоцна, кога се сретнавме со Тод. Александров, тој ми рече дека добро сум сторил што не сум дал согласност за преминување на српските чети во внатрешноста. Нивната група од околу 800 души потоа дејствуваше заедно со српската армија кај Куманово и стигна дури до Битола. Во неа беа Крсто Трговишки, Гарде Спасов и неколкумина стари војводи – србомани. Со нив се сретнавме кај Св. Николе.

Објавувањето на војната нè затекна во с. Мургаш, Кумановско, кое се наоѓа во центарот на Кумановската околија. Побаравме врска со кратовските чети и со Централниот комитет. Тодор Александров тогаш дејствуваше во Кукушко. Со кратовските чети не можевме да се сретнеме. Мнозина почнаа да стануваат нелегални и четите брзо се зголемија, така што мојата достигна до 40 души. Се упативме кон Црн Врв – Кратовско и до село Секулица, но со кратовските чети не можевме да влеземе во врска. Ни соопштија дека за секоја околија на пат биле чети од по 10-15 души и ние тргнавме за с. Секулица да ги пресретнеме тие групи. Такви групи дошле во Скопско, Велешко, Битолско и др. Јас се вратив кон с. Павлешенци, Кумановско, со околу 20 души, а едно одделение од мојата чета, со Тодор Малински, остана во Кратовско за да ги бара групите. Почнаа да се слушаат грмежи од кај Св. Прохор Пчински. Ние тогаш се наоѓавме во Овче Поле, а српските војски настапувале кон Четирце, Никуљане, Старо Нагоричане и Прешево.

На 4 октомври фронтот ја имаше следната линија: Бајловце, Орах, Страцин. На 5 октомври српските војски настапија до Младо Нагоричане – патот Скопје-Паланка. Турската војска, која беше против српската армија, изнесуваше околу 15 000 души. На 5 октомври од Ѓуришкиот манастир пристигна турска дивизија, нови војски. Тогаш ние денот го поминавме во с. Габреш, и ако нè беа откриле, можеа просто да нè смачкаат. Уште истиот ден, дивизијата се упати низ с. Пчиња и Орашец кон фронтот. Српските војски ги заседоа позициите кон селото Младо Нагоричане, центар на Кумановското Поле, а деловите им беа на десниот брег на реката Пчиња.

Доцна вечерта, Турците ја преминаа реката и на 6 октомври почна голема битка, при што Турците ги одбија Србите и го заседоа повторно селото Нагоричане, каде што селаните дадоа, исто така, отпор. Тука Турците запалија едно од маалата и убија околу 50 селани, меѓу кои имаше жени и деца.

Големиот судир започна рано наутро на 6 октомври и продолжи целиот ден. Србите отстапија кон селата Четирце, Никуљане и Старо Нагоричане, а Турците станаа господари на патот што води од Скопје за Паланка. На 7. X, рано изутрината, започна српското настапување, кое продолжи до 2 часот попладнето. Турците се повлекоа по целата борбена линија и градот Куманово беше заземен уште истиот ден. Еден дел од турската војска отстапи кон Скопје, а другиот кон Велес. Едно одделение од 60 турски војници се врати назад. Тие претежно беа кавалеристи. Ние започнавме да стреламе по нив и убивме околу 10-15 души. Мојата група беше голема и броеше околу 50 души, местни селани од неколку села. Селаните, плашејќи се од евентуално враќање на Турците, се испоскрија во своите села, а нашата чета продолжи кон фронтот. Кога ја разбркавме групата турски војници, ние им заробивме околу 5-6 коњи. Тоа беше на 5. X. Ноќта на 5. X ние отидовме во месноста Бисли, во една клисура на р. Пчиња, каде што се сретнавме со друга милиција од околу 80 души. Селото Пчиња беше избегало. Истото го сторило и населението на селата Орашец, Доброшане и Шупли Камен. Имаше милиционери и од градот, па се собравме околу 130 души. Вооружени со пушки, зазедовме позиции по височините и започнавме да стреламе по болниците, што се наоѓаа на околу 3 км од нас.

По извесно време, грмежите почнаа да се слушаат сè послабо. Тоа беше на 6. X. Србите отстапија и селаните милиционери многу се исплашија. Но, како што реков, започна големата битка и Турците почнаа да отстапуваат. Ние стрелавме по војската што отстапуваше, особено по оние што панично ја минуваа реката, газејќи ја. Ние ја браневме клисурата, каде што минуваше патот Куманово – Шупли Камен – Орашанскиот премин. Ние успеавме да убиеме околу 50 Турци. По падот на Куманово, Турците се повлекоа на левиот брег на реката Пчиња, точно до нас. Тогаш ние се наоѓавме на карпите на двата рида. Кога се стемни, ги напуштивме позициите и се упативме кон селото Орашец, за да ги спречиме евентуалните пљачкосувања од страна на Турците. Ние отворивме оган и тие се разбегаа, оставајќи го оружјето. Патот се препречи од коли. Турците оставија

сѐ што имаа и ние најдовме 14 орудија. Таа ноќ испратив група од тројца четници да ги побараат и да им кажат на Србите дека Турците се во потполно повлекување. Утредента четниците доведоа српска војска во Шупли Камен и, откако тука останавме два дена, се упативме за село Св. Николе. Тука беа и српските доброволци. Околу 50 души од мојата милиција им дадов за водичи на Србите и така останав само со моите редовни четници.

Во Св. Николе пристигнавме заедно со левото крило на српската армија и со паланечката чета. Бугари беа само тие две групи – паланечката и кумановската чета. Сите заедно продолживме за Велес, со намера да се сретнеме со бугарски војски. Откако пристигнавме во Велес, не прашаа каде се Бугарите, одговоривме дека и ние нив ги бараме. Во Велес останавме два дена. Потоа Србите сакаа да ги придружуваме до Прилеп, но јас ги одбив, зашто не ги познавав патиштата. Пристигна велешката чета на Даме Мартинов и на Тодор Оровчанец. Откако тие пристигнаа, моето одбивање беше прифатено и ние се вративме назад. Паланчаните, преку Кратово за Паланка, а јас, откако ги распуштив моите четници, се прибрав во Куманово, каде што целата власт беше заземена од Србите. Мнозина од граѓаните предвидуваа дека сѐ е загубено. Месните српски чети земаа активно учество во власта.

Додека бев во Куманово, Србите не извршија убиство над Бугари. Конфликтот со нив произлезе при празнувањето на Водици (Богојавление). Тогаш во Куманово имаше околу 10 000 српска војска. Србите сакаа фрлањето на крстот да биде општо, во реката. Бугарите, пак, од своја страна, настојуваа крстот да се фрли во црквата. Од тоа свое барање тие не отстапија. Таа година крстот беше фрлен на две места. И од тогаш веќе почна конфликтот. Замислено беше да се испрати молба – протест до царот Фердинанд, во која да се бара да останеме под бугарско. Таков сличен протест – барање бил испратен и од Тетово и од Гостивар – заради таканаречената спорна зона. Протестот на кумановци, заверен со многу градски и селски печати, беше испратен во Софија по Рајна Трајанова. Пред тоа, за истата работа, за Софија заминал и еден свештеник. Наскоро сето тоа беше изнесено во софискиот печат, во весникот „Мир“, имено, дека пристигнала делегација од спорната зона во Софија. Тогаш ние во Куманово читавме бугарски весници и откако за тоа дозна Ранко Трифуновиќ, окружен управник, ме повика и ме праша: – Кои се тие што отишле во Софија да протестираат против тукашниот

режим? Јас се подисплашив, зашто знаев дека Србите можеа сешто да ни сторат. Цел ден ме бараа за да се јавам пред окружниот управник. Јас му одговорив на управникот дека не ми е познато кои луѓе испратиле протест и дека тоа најдобро треба да го знае општинската полиција, зашто таа ги заверила нивните пасоши. Окружниот управник ми одговори дека кај него биле некои лица што отишле во Бугарија за да се пожалат од српскиот режим. Тоа биле свештеникот Анани Атанасов, сега свештеник некаде во Врачанско, Георги Цимрев и некојси учител, по име Александар Иванов, којшто не го познавав. За свештеникот им реков дека отишол да го посети својот син војник, а за Георги Цимрев дека заминал по своја работа. Окружниот управник, кога ги слушна моите одговори, многу се разлути, потоа јас му се свртев и му реков дека кога ќе излезам надвор, ќе ги дознаам подробностите. Потоа тој стана, ме почести со цигара, останувајќи со убедување дека ќе почнам да шпионирам.

Утредента заминав за селото Нагоричане и преку селото Пезово пристигнав во Штип. Така заврши мојата легална дејност. Му соопштив на свештеникот да не се враќа во Куманово, затоа што само тој беше натоварен со таа мисија. Една недела пред мене избега и Теодоси Малински, за кого се сомневаа дека е замешан во таа акција. Тој, уште во турско време, убил неколку србомани и сега, за да се осветат, Србите сакаа да го ликвидираат. Со него се најдовме во Штип. Тука, по кратко време, пристигна и војводата, капетанот Ранковиќ, со кого се сретнавме уште во Турско. Јас му реков дека избегав од Куманово зашто не сум по природа (способен – б.м.) да шпионирам. Откако разговаравме и долго и широко, тој при разделбата изјави желба повторно да се сретнеме, ветувајќи ми дека ќе ми организира средба со српскиот престолонаследник. За таа цел тој доаѓаше неколку пати во Штип, но на крајот од краиштата, кога се убеди дека не може да ме наговори, се откажа од таа своја намера (непосредно по окупацијата на Св. Николе, тоа беше административно заземено од бугарските власти. Потоа, кога завршиво војната со Турците, се врати еден полк Срби, кои останаа во Св. Николе). Во тоа време се водеше спор меѓу кумановската и штипската управа околу тоа дали Св. Николско треба да претставува нова административна околија наследена од Револуционерната организација. Бугарите таму испратија околиски началник, заради што Србите протестираа, истакнувајќи дека Св. Николско спаѓа во Кумановската околија. Ме повикаа да дадам мислење и јас објаснив кои села се кон

Кумановско, а кои кон Штипско. Србите ми соопштија дека треба да одам во Св. Николе за да објаснам лично како стои прашањето. Отидов во Трстеник, со предлог дека сакам да се сретнам со околискиот началник Арсов, и кога пристигнав во Св. Николе ги најдов околискиот началник и неговиот секретар уапсени. Тука го затеков и кумановскиот војвода Јован Довезенски, кој сега беше претседател на четничкото здружение во Србија. Тој дошол пред мене. На околискиот началник Васил Арсов му предложиле да замине за Штип, но тој одбил, плашејќи се да не биде убиен, по што јас му предложив да патуваме заедно и тој се согласи. Новиот српски околиски началник ми предаде писмо за да им го дадам на бугарските власти во Штип. Таму се сретнав со Ефрем Чучков, кој беше околиски началник, а Нетков беше окружен управник. Јас им ја опишав положбата и се вратив назад во Св. Николе. Србите, кога ме видоа дека се вратив, останаа изненадени и ми кажаа дека разбрале оти сум убиен во Штип. За тие сомневања им раскажал Јован Довезенски. Вечерта имаше банкет, а утредента ги јавнавме коњите и отидовме во Куманово. Така беше ликвидирана Св. Николската околија, која беше дефинитивно заземена од Србите, кои постепено се приближуваа и заземаа едно по едно од селата и така стигнаа до самиот Штип.

По Нова година, на 15 јануари 1913, станав повторно нелегален. Го напуштив Куманово и отидов во Штип. По Булаирската битка се формираа неколку дружини на македонското ополчение и околу 500 души од Штип, Радовиш и Дојран и др. отпатувавме за Малгара, каде што се сретнавме со Т. Александров и Ал. Протогеров. Тодор ми се обрати и ми рече да се вратам во Куманово со задача да ги разузнавам српските воени сили. Во Штип се сретнав со други бегалци од Куманово, земав двајца-тројца, се вооруживме и отидовме во кумановските села. Со нас дојде и поп Никола од с. Сопот. Се распрашувавме каде има српска војска и српски чети. Собравме податоци и по десетина дена се вративме во Штип. Во тоа време од Велес избегаа 10 души и раскажуваа за состојбата таму. Одрин беше паднал и бугарската војска почнуваше да оди наваму и да ги зазема позициите. Се создаде фронт против Србите. Пристигнаа, исто така, и македонските дружини. Дотогаш Србите беа во Штип, но потоа се повлекоа на десниот брег на Брегалница, при што касарните останаа во бугарски раце. Од Овчеполијата селаните не дојдоа веќе на пазар во Штип. Разузнавачките задачи станаа многу тешки. На 2. VI, со едно одделе-

ние од 10 души, меѓу кои и двајца инженерци, заминавме да ја минираме железничката линија Куманово – Скопје. Српската линија ја поминавме кај селото Злетово – Кратовско. Оттука се јавивме во Куманово да ни ја соопштат положбата и брзо добивме податоци дека во близина се наоѓала српска кавалерија од 4 000 души, која била сместена меѓу селата Студена Бара, Катланово и Коњаре. Железничката линија беше строго чувана од војска и ние не можевме да извршиме атентат и се повлековме кон Куманово. Набрзо избувна војната, чиј крај го дочекавме во Кумановско. Потоа се прибиравме во Бугарија, но Србите дознале дека за време на војната сум бил во кумановските села и убија неколку души селани, меѓу кои: Јордан Јовчев, трговец од Куманово и Лазар Митков од с. Облавце. Последниов беше повикан во окружната управа од која не излезе. Исто така, ги убија и Илија Атанасов од с. Коњух, Стојан П. Манасиев од Пезово, Вицо Кралот од Павлишенци, Стоил Леков од Малино, Саздов, учител во с. Кокошиње, Милан Арсов од с. Живиње. Исто така, убија и неколку селани од с. Градиште и Винце. Четата со која јас за време на меѓусојузничката војна ги обиколував селата беше комплетирана од дружината и по нејзиното расформирање некои од нив се вратија по своите родни места и издадоа повидни луѓе. Поголемиот број од нив исчезнаа без трага. Уапсени беа повеќе од 100-150 души, кои ги судеа и подпцна ги пуштија на слобода.

Есента на 1913 година со една група од 7-8 души заминав за Македонија и во текот на еден месец и половина ги обиколувавме селата и се вративме дури зимата. Пролетта 1914 година започнаа нови дејствија и јас заминав повторно за Македонија. Заминавме веднаш по убиството на австрискиот престолонаследник, што за нас беше добредојдено. Кога заминавме за Македонија, војната меѓу Србија и Австро-Унгарија беше веќе објавена. Тогаш нашата група беше агитаторска. Нè откриј во Кратовско. Тука немаше чети и од оваа страна на Вардар ние бевме првата група. По нас за Кратовско замина Дончо Ангелов. Во Скопско дејствуваше четата на некојси Митре. Таа дејствуваше на свој терен. Во Кратовско исто така дејствувал некојси Лазо. Ние не ги сретнавме, бидејќи тие се наоѓаа во планината. Ние продолживме да се движиме по селата околу два и пол месеци. Тогаш Србите не беа почнале да собираат војници и тешко наоѓавме прием. Скоро во секое село имаше по двајца-тројца стражари.

Во м. Октомври, низ Овче Поле – Штип – Струмица, јас се вратив назад и во Софија формирав поголема чета од 30 души и преку Ќустендил се вратив во Македонија. Со нас патуваше и друга чета од околу 30 души за Паланка, на чело со Трајко (Брадата). Патувавме до Паланечко заедно, а како водач на целата група бев јас. Ние тогаш бевме првата голема чета и сè помина во најдобар ред, бидејќи Србите беа слаби. Ние дури и порано со група од 6-7 души предизвикувавме впечаток, а сега уште поголем. Во Паланечко се задржавме цела недела и бевме добро примени. Оттука нашата група, без претходно обезбеден канал, замина за Кратовско и влеговме во с. Кетеново, каде што бевме добро примени. Селото е близу до Кратово. Кмет на селото беше Стојче Ангелов, поранешен околиски војвода. Сопственикот на куќата предложи да се извести кметот за нашето пристигнување, за да се избегне случајното доаѓање на стражарите во станот во којшто одседнавме, бидејќи стражарите му биле потчинети на кметот, па тој да ги испрати некаде по работа. Стана старецот и отиде да го извести кметот за нашето присуство во селото. В зори кметот дојде во куќата каде отседнавме да нè посети; со него јас бев далечен роднина. Јас му објаснив дека повторно почнуваме со борба. Беше пазарен ден, 2 октомври, стар стил, 1914 година. Му дадов едно писмо да го однесе во Кратово до Ванчо Шатев со кое го молев да се купат некои работи за четата. Кметот ми рече дека сакал да го испрати писмото по татко му, а тој да ги заблуди стражарите. Меѓутоа, кметот му го дал писмото на татко му, но истовремено со друго писмо го известил околискиот началник во Кратово за нашето присуство во селото. Ванче Шатев беше многу практичен човек. Кога го добил нашето писмо, ги купил со 30-40 лева нашите порачки, но по кратко време, забележувајќи големо движење на полицијата се досетил дека работата е откриена, станал и отишол право во околиската управа и соопштил дека му е предадено писмо од четата и со таа негова итрост тој успеал да се спаси. Кон 11 ч. во селото пристигна потера и започна борбата. Куќата во којашто се наоѓавме се состоеше од неколку објекти и селаните не знаеја каде бевме сместени. Пред куќата поставивме стража. По извесно време една жена извика и ние разбравме дека сме откриени и истрчавме сите надвор, затоа што се плашевме да не ги запалат куќите. Уште на излегување тројца од четниците беа убиени. Тоа беа Јосиф Гелев, Иван Делчев и Иван Кулчев од Кукушко. Србите успеаја да ранат и неколку други четници. Вечерта при пробивањето на обрачот успеавме да убиеме четворица Срби и

12 коњи. Целото село беше опколено, но ние при излегувањето од обрачот не дадовме жртви. Едниот од ранетите го доубивме, а другиот се самоуби. Судирот беше голем и кога излеговме од обрачот продолживме за Кумановско, не јавувајќи се цели три дена на никого. Бевме група од 27 души. Престојувавме во една шумичка до с. Пезово без да бидеме забележани и попладнето му се јавивме на еден бивш работник од истото село. Се јавивме на татко му и порачавме да ни подготви леб, зашто бевме останале без трошка. Потоа се упативме кон куќата на неговиот син – Трајко Шуманов. Тој собрал 15-20 души милиција и стражари и ни постави заседа. Откако почекавме доста време за да ни се донесе лебот, решивме 4-5 души да отидеме во неговата куќа при што, се разбира, ги презедовме неопходните претпазливи мерки. Истиот Трајко Шуманов се сметаше за еден од првите работници. Кога влеговме во куќата го најдовме лебот подготвен за нас. Кучкин син, ем заседа ни постави, ем пак и леб ни приготви. Во куќата го затекнавме само таткото, а синот со сите други беше во заседата. Четниците го прибраа лебот, излегоа од куќата, а тие веднаш во нив припукаа. Кога ги слушнавме истрелите веднаш во истиот правец и ние отворивме оган и ги забележавме жандармите и селаните како бегаат. Пукањето продолжи околу еден час, четниците испратени да го приберат лебот пристигнаа, го заобиколивме селото и се повлековме кон Кумановско. Селото беше распрснато на маала, се упативме во едно од нив, кое беше на околу еден километар од местото каде што нѐ откри, се обидовме да оставиме еден од ранетите уште кај Кестеново, но тој не се согласи и ние го продолживме патот. На прашањата, упатени кон селаните, што значат тие грмежи, тие ни одговорија дека Трајко ги повикал стражарите од околните села, ја собрал милицијата и почнал да ја гони четата. Тогаш нас ни стана јасно кој го извршил предавството. Тргнавме во правец кон Штипско, бидејќи потерите сакаа да се концентрираат во Кумановско.

На 4 октомври, откако престојувавме во Св. Николско сокриени зад еден дол, се јавивме во с. Стројманце, земавме леб и рековме дека ќе заминеме за Кратовско, а ние фативме правец за кон Црн Врв и продолживме за Штипско. Стигнавме во с. Патетино, каде што пак бевме предадени. Селото се состои од околу десет куќи и селаните ни рекоа да излеземе од куќите, зашто ќе бидеме откриени. Излеговме од селото и селаните нѐ спроведоа до блиското село Ранчинци, каде што не оставија во едно од трлата и потоа се вратија назад во

нивното село. Потоа селаните му соопштиле на стопанот на трлото, на некојси Ефрем, дека во неговото трло имало чета. Тој отишол во Св. Николе и нѐ предал на полицијата. Кон 3 часот попладнето пристига потера – жандармерија и милиција од селата и започна борбата. Тука загина четникот Васил Христов од Солунско. Падна мрак, ја пробивме опсадата и продолживме за Штипско, скршнувајќи во с. Криви Дол, Штипско, каде што престојувавме два дена и потоа отидовме во с. Сарачино, Штипско, од каде по канален пат нѐ одведоа кон планината Плачковица. Србите дознале дека со групата сум бил и јас и удрија да ме бараат во Кумановско, а ние продолживме за Лакавица, Штипско, и за 15 дена обиколивме дел од Кумановско и дел од Паланечко, исто така, некои села од Штипско, Радовишко, цело Св. Николско. Потоа заминавме за Струмичко, од каде што се прибравме во Бугарија. Кога пристигнавме во Струмичко беше Митровден 1914 година.

Во 1915 год. се формираа чети од по 30 души за Скопско и Кумановско и на 1 јули истата година ја преминавме границата кај врвот Руен и при Султан Тепе и продолживме надолу за Кратовско. Бевме предадени во с. Ѓуѓанце, Св. Николско. Беше в зори и кога се раздени забележавме дека се задава потера. Местото каде што се наоѓавме не беше погодно за борба и уште пред да наближи потерата излеговме од овчарската колиба, во која се наоѓавме, за да бараме соодветно место за борба. Се впуштивме денски во борбена линија низ полето; требаше по секоја цена да најдеме погодно место, зашто разбравме дека сме предадени. И така, од 6 часот изутрината до 9 часот, се движевме по полето, во правец на избраното место од нас за борба во Кумановско. Тоа се викаше Островица – височина, остатоци од стара тврдина. Беше 9 јуни 1915 год., времето беше жешко и ние многу се изморивме од долгиот пат. Пред да стигнеме таму бевме пристигнати од потерата која ни идеше отспротива, од Куманово. Полесните, побрзите од нас, се впуштија да го заземат стратегиското место, зашто зад нас идеше, исто така, потера од Штипско. Онаа што идеше од кај Куманово брзаше да ја заземе височината, а ако тоа се случеше ние ќе бевме принудени да ја прифатиме борбата на отворено. Неколкумина од нас успеаја да се качат на височината Островица а потоа скоро сите, со исклучок само на двајца, излеговме на височината. Еден од оние што не успеаја да се качат на височината беше Лазар Велков – Дивљанец, подоцна скопски војвода, со кого се сретнавме една недела пред битката. Тој успеа да се скрие и да се

спаси. Борбата започна во 9 часот изутрината и продолжи до 9 часот вечерта. Бевме опкружени од сите страни, меѓутоа, височината каде што се вкопавме ни даваше можност да ги држиме Србите од сите страни доста далеку од нас. Во опсадата учествуваа: жандармерија, војска и милиција. Војската беше дошла од Куманово, Св. Николе и од Штип со камиони, па дури и од Кратово. Додека траеше денот Србите не можеа да нѐ напаѓаат. Имаше страни од каде што тие можеа да ни се доближат на 300-400 чекори, но од други страни пак ги држевме на растојание на 2 км. Местото беше многу погодно за борба. Ние сите горе бевме наредени во круг, 22 души, и на Србите им беше невозможно да нѐ напаѓаат. Исто како и Лазо, и четниците успеале да побегнат од обрачот, откако не успеаја да се качат на височината. Се стемни, и дотогаш од нас не беше никој убиен и ние се повлековме кон страната од каде што Србите се наоѓаа најдалеку. Некои од нас го пробија патот и се сокривме во Кумановско. Србите останале до утрото во заседа, претпоставувајќи дека ние сме сѐ уште таму. Но утредента, кога виделе дека од височината не се стрела, пратиле група селани за да видат дали има комити. А ние во тоа време веќе бевме во селата Винце и Студена Бара, каде што се одморавме. Тука престојувавме неколку дена и во овие села сретнавме бегалци од српската армија. Бевме добро примени во селата: Пчиња, Вакаф, Студена Бара, Винце и Коњаре. Во овие села се одморивме околу една недела, од каде отпатувавме за с. Дивље, Скопско, каде се сретнавме со Лазар Велков – Дивљанец, којшто веќе се прибрал во своето родно село. Потоа Лазар почна да дејствува со четата во Скопско, а јас во Кумановско. Сега веќе немаше предавства; не беше како во меѓусојузничка војска. Младите војници почнаа да бегаат во четите.

Кога се објави општоевропската војна, јас и Лазар Дивљанец, заедно со своите групи, отидовме до Кратовско, за да ги спроведеме бегалците за Бугарија. Една таква група прифативме од Велешко, но во Кратовско имаше многу контрачети па не успеавме да ги префрлиме. Ги водевме до некаде и потоа пак ги вративме во нивните домови. Околу Ѓуришкиот манастир бевме откриени од Србите, но не можевме да утврдиме дали имаше предавство или пак бевме случајно откриени. Се дигна потера од околу 200 души од Куманово и Св. Николе и почнаа да ги претресуваат селата, но ние се криевме во селата во Скопско и Кумановско. Потерата што дојде од Кумановско на враќање фати еден војник – бегалец, кого почна да го мачи.

Уапсениот бегалец почнал сè да издава и потоа заедно со нив почнале да ги обиколуваат селата и тој издавал сè и така се откри аферата и се презедоа апсења и започнаа мачења. Тоа беше на 10 август 1915 година. Селаните многу се исплашија и Србите им забранија со себе да носат храна при излегувањето во полето. Исто така, беше издадена наредба со заодот на сонцето селаните да се приберат по своите домови. Тоа продолжи околу 15 дена.

Во селото Пчиња имаше околу 7-8 души дезертери од српската армија. Сите беа вооружени и се криеја близу до селото, и тоа на истите места каде што се криевме и ние. Потерите многу се раздвижиле и еден ден бегалците дојдоа кај нас. Од нив бевме информирани за состојбата, бидејќи тие имаа врска со селото. Тие ни изнесоа и леб и продукти. Една вечер старешината на групата бегалци му дал писмо на еден од своите другари за да го донесе кај нас. Месноста во којашто се наоѓавме се викаше Бислим, а изгледаше како клисура. Но, меѓу бегалците имало некакви недоразбирања и бегалецот наместо да ни го предаде писмото, отишол во селото и им го предал на Србите. Изутрината осамнавме опсадени; опсадена беше целата клисура, опсадени беа и бегалците што се наоѓаа на околу еден километар од нас. Војската што нè опсади располагаше и со артилерија. Штом блесна сонцето, ние се искачивме по карпите и оддалеку забележавме дека предавникот ги водеше Србите точно кај нас. Се наоѓавме во месноста Орловец. Тоа е карпест рид, надвиснат стрмно над реката, изгледаше како карпа во дупките во која се влегуваше по разни патеки. Тоа беа остатоци од стара тврдина и тука ние денувавме. „Пали оган!“ – го слушнавме командантот и веднаш почнаа да стрелаат. Отворивме и ние оган и успеавме да убиеме 5-6 души, од оние што беа пред нас. Над нас стрелаа од 10 метри растојание; стрелавме и по нив, меѓутоа, не можевме да ги видиме. Почна да нè бомбардира артилеријата и целата клисура се исполни со пеколен грмеж. По еден момент засвири труба и оние што беа над нас се изгубија. Артилеријата престана да пука, а борбата продолжи низ целиот ден. Артилеријата почна да стрела, засвири трубата, таа ја прекина својата стрелба, тогаш почна стрелба со пушки и така тоа продолжи до 3 часот попладнето. Пештерите во кои бевме скриени, се издигаа околу 200 метри над реката. Од долу беше апсолутно невозможно човек да се искачи, а можеше да се влезе само по патеките, по кои Србите ги поставија заседите. Артилеријата испука 200-300 гранати. Целата клисура ечеше од пукањето на артилеријата и пушките. Артилеријата продолжи да стрела до околу два

часот попладнето, се разбира, со прекин, и кога видоа Србите дека со неа не можат да нѐ уништат ја повлекоа, но цврсто продолжија да ја држат опсадата. Опасност за нас да бидеме убиени скоро и немаше, а имаше опасност да изумреме од глад. И така борбата продолжи до вечерта. За другарите од другите одделенија ништо не знаевме, туку само слушавме пукотници. Како што веќе спомнав, месноста беше карпеста и пукањето дури и на само една пушка предизвикуваше ехо, а камоли грмежите од стотина пушки и од артилеријата. Падна мрак и почнавме да се извлекуваме по една стрмна патека. Успеавме да излеземе петмина. Куршум можеше да те погоди од сите страни. Јас излегов прв, а по мене и другите другари, петмина на број. Ноќта беше темна. Ако мрднеш ќе го слушнат шумот и веднаш горе ќе фрлат бомби и целата клисура почнуваше да ечи. Кога престанаа да пукаат ние го искористивме моментот и излеговме. Кога ќе пукне некоја пушка од сите страни почнуваа да стрелаат. Така го искористив моментот и продолжив да се движам, и покрај тоа што силно пукаа кон мене. Ме рание во раката и јас ја испуштив пушката, која падна во реката. По мене од пештерата излегоа уште пет души, но со нив не можев да се најдам, бидејќи јас се упатив во друг правец. Во пештерата останаа 4-5 другари, кои не се решија да излезат. Некои од нив изгореа, други се задушиле, а трети беа фатени живи.

Бев ранет на десет места и се чувствував многу истоштен. Се оддалечив и се скрив во трњата на с. Орашец, кај манастирот Св. Илија. Најтешко бев погоден во раката. Во ногата бев погоден од паничка граната. По главата исто така имав многу рани. Очите ми беа полни со крв и кога ги погледнував ѕвездите, тие ми изгледаа големи како сонца. По главата бев удрен и од камења, кои поради одронувањето се тркалаа од карпите. Кога бев во дупката лицето си го покривав со рацете и така се чував и од куршуми и од камења. Имав повеќе од 15 рани. Честопати ударите беа толку силни, што ме зашеметуваа. Посериозни рани имав на 11 места. И така, со настапувањето на ноќта, јас излегов од дупката и се спасив. Утредента борбата продолжи со групите што останаа во карпите, а јас бев доста оддалечен и се наоѓав близу с. Орашец.

Борбата започна на 27 август 1915 год. и напладне на 29 истиот месец беше завршена, откако едни ги убија а други беа живи заробени. Групата што беше заробена ја водеше Теодоси Малински. Заробени беа и 6 милиционери од селото на шпионот. Од едно село преку реката Србите успеаја да убијат еден, а другите 8 души успеаја да се спасат. Во групата вкупно бевме 15 четници и 24 бегалци од село

Доброшане, Орашец и Пчиња. Од вкупно 39 души се спасивме 16, откако 24 души беа убиени, а 13 беа живи заробени.

Избегав и се скрив, како што реков во шумата на манастирот Св. Илија кај село Орашец, каде што останав еден ден и потоа продолжив за с. Пезово; во с. Новосељане бев првата вечер по судирот. Тука му се јавив на еден стар работник и земав опинци, а и леб ми дадоа. Преврзан бев од една жена, која ми ја даде нејзината шамија за да ја преврзам раката. Ми дадоа опинци и ми ги обуја, бидејќи јас не можев да ги обујам. Бев без пушка и селаните многу се исплашија. Потоа продолжив за селата Тополовиќ, Талашманце, Нежилово и во Кратовската Планина се сретнав со кратовската чета на Дончо Ангелов, која специјално дошла заради војната што започна. Со неа пристигнаа и четници испратени за мојата чета. За мојата чета беа определени Ефрем Тасев од Куманово, Гене Монев од с. Винце. Со Дончо Ангелов беше и Глигор Циклев. Тие заминаа за своите реони а јас за Бугарија, каде што отидов во болница. Во Бугарија ги затекнав сите Македонци, повикани на двонеделна обука.

Пред мобилазијата, во Македонија постојано заминуваа групи, кои имаа задача да ги засилат четите. Набрзо беше објавена војната. Јас ја напуштив болницата во Ќустендил и заминав за Софија. По падот на Куманово се вратив во него.

Пропуштив да спомнам, кога излегов од пештерата, на патеката беше легнал еден Србин, тој пукна и ме рани во раката, ја испуштив пушката и веднаш се фатив за револверот. Почнав да го обиколувам, за да му дојдам зад грб. Србинот го напушти местото и отиде да се искачи на повисоко место и така патеката беше ослободена и по неа поминаа и другите петмина другари. Со двајца од нив се сретнав во Софија, а со другите – во Македонија. Се спасија: Петруш Арсов од село Облавце, Величко Спасов од с. Нагоричане, Саздо Јамболов од Кратово. Последниов се приклучил кон кратовските чети, а Спасов останал во селото Младо Нагоричане.

Од 1915 до 1918 г. престојував во Куманово, каде што немав никаква должност, а бев во услуга на администрацијата и војската. Во 1917 г. избувна Моравското востание[7] и јас отидов како потерџија да ги гонам Србите, а за време на повлекувањето, заедно со бугар-

[7] Моравското, или Топличкото, востание во Србија се кренало во февруари 1917 година против австроунгарскао-бугарската окупација. Во задушувањето на востанието учествувала 11. македонска дивизија, предводена од полковникот Александар Протогеров и со учество на војводи и четници на ВМОРО.

ската администрација се вративме во Бугарија. Во 1918 г. наши групи се вратија за да спроведат заробеници од бугарските војски што се наоѓаа покрај Вардар, и јас неколку пати успеав да спроведам групи, претежно офицери од 15-16 души.

Пролетта на 1919 г. замина една група од мојата чета во Македонија со разузнавачка задача. Водач на групата беше Трајан Петков. Во Скопско таква група предводеше Лазар Велков. Одеа за 10 – 20 дена и пак се враќаа, а целта на тие групи беше да дознаат какво е расположението на народот. Тие групи одеа по наредба на Тодор Александров. Во 1919 г. настапи голема деморализација меѓу луѓето на Организацијата, границата слабо се чуваше, па некои групи почнаа своеглаво да влегуваат во Македонија и се даваа на пљачкосување. Некои почнаа да се занимаваат со контрабанда на шеќер, хартија за тутун и др. Организацијата во тоа време беше разединета и тешко можеше да се зауздаат таквите луѓе. Бугарската власт пак, од своја страна, ги искористуваше во борбата против Организацијата. Грабежи имаше многу и тоа претежно во Штипско и Кратовско. На чело на тие банди беше Иван Брло[8] и четниците: Сандо Пеливанов, Филип Павлов и браќата Циклеви[9]. Во Кочани, на чело на 10 души, дејствуваше Јане Велинов. Во Паланечко дејствуваше еден селанец по име Јаким. Таа состојба продолжи и после обидот на Организацијата да ги зауздa. Подоцна тие си облекоа црвена комунистичка мантија. Тогашната власт им помагаше зашто тие се бореа против Тодор. Исто така, се вршеа грабежи и на територијата на царството. Во Ќустендил беа малтретирани мнозина од првенците – Тодор Рашев и др. Во село Ранинци, Ќустендилско, беа ограбени Власите. Сето тоа се случуваше ако не со знаење на бугарската власт, тогаш со нејзината рамнодушност. Во Ќустендил на чело беа: Брљо, Трајко Бојков од Куманово, Сене од Лесново, Кратовско, сите бивши четници, сега на служба во пограничните пунктови: Црна Скала, Раково,

[8] Иван Јанев-Брло (1878-1925), штипски војвода, по Првата светска војна бил исклучен од ВМРО заради разбојнички дејствија, а амнестиран во 1920 година, во 1925 година заради криминални и неморални дејствија бил осуден на смрт од ЦК на ВМРО.

[9] Браќата Митруш и Глигор Циклеви, како членови на ВМРО по Првата светска војна, вршеле грабежи сред македонското население во источна Македонија, за што биле осудени од ЦК на ВМРО и амнестирани во 1920 година. Во 1922 година Митруш бил убиен на наредба од Тодор Александров, а Глигор се отцепил од ВМРО и се приклучил кон Македонската федералистичка револуционерна организација (МФРО), а во 1923 година се ставил во служба на државните власти на Кралството на СХС, како еден од раководителите на Здружението против „бугарските бандити", за борба против четите на ВМРО.

Саѓани, Грлен, Ѓуешево, и имаа задача да ја чуваат границата, за да не поминувале чети за Македонија. Тие ги следеа селаните од пограничните села кога одеа на пазар, или кога се враќаа, ги претресуваа да нѐ носат некое писмо за Организацијата. Таа состојба продолжи до зимата 1920-21 година, кога Организацијата прекина со нив и ги прогласи за предавници. Наспроти тоа што тие беа бугарски полицајци, сами често пати ја преминуваа границата и вршеа грабежи со единствена цел да ја компромитираат организацијата. Грабежи имаше во селата: Орах, Светиниколско – Штипско, с. Дренок, Кратовско, Чашинци[10], Долни Балван, Вакуф, Паланечко, Шопско Рударе.

Борбата меѓу Организацијата и бугарската влада доста се заостри и многумина од тие бивши четници, сега разбојници, почнаа да се покајуваат и молеа за прошка. Прв се покаја Иван Брло; Цветан Спасов од Куманово, поранешен мој четник, се покаја, и во 1924 г. загина херојски во Кратовско. Простено му беше исто и на Пано Жегљански. Меѓутоа, неколкумина од тие разбојници со своите грабежи отишле многу далеку, и бидејќи Организацијата доста се засили, почнаа да ги спроведуваат своите напади во Ќустендилско, на бугарска територија, зашто грабежи и напади не можеа повеќе да прават во Македонија. Тоа разбојништво во Ќустендилско многу силно го тормозеше населението. И на 2 декември 1922 г. Организацијата беше принудена да го окупира Ќустендил[11], каде што некои од разбојниците беа казнети. По бегството на Тодор Александров од затвор[12], тој дојде во Ќустендил и со група од 7-8 души влегоа во Македонија. Симеон Кочански нѐ спроведе до границата, а ние отидовме до Кумановско и Скопско и потоа пак се вративме во Бугарија. Влегувавме во селата и им се јавувавме на одделни лица. Условите во 1920 г. беа подобри отколку оние во 1913-1914 г. По сојузничката војна луѓето беа многу поупорни, зашто сметаа дека по завршувањето на војната сѐ е загубено, а во 1920 г. не веруваа во ништо трајно. При првото влегување со Тодор Александров престојувавме околу еден месец и тој успеа да влезе во коресподенција со многу стари работници. Имаше и повеќе луѓе што не зеле никакво учество дотогаш, а сега покажуваа готовност да работаат. Така, на

[10] По сѐ изгледа се однесува на с. Чешиново, Кочанско.

[11] Окупацијата на Ќустендил од страна на четите на ВМРО, предводени од Панчо Михајлов, беше на 4 декември 1922 година.

[12] Тодор Александров бил уапсен од бугарската власт на 4 ноември 1919 година, а избегал од затвор на 13 ноември истата година.

пример, кумановските трговци. Дури и србоманите искажуваа готовност да помагаат. Тодор успеа да влезе во врска со некои од нив, како Трајко Бошков и Димитриевиќ.[13]

За време на првите избори ентузијазмот беше голем и се избраа 17 души – народни пратеници, комунисти. Тоа не се случи по наша наредба, туку беше израз на едно зголемено незадоволство. Се разбира дека тоа стануваше и со наше одобрение. Така, на пример, во Куманово беа избрани 3 души – комунисти, без да знаат што е комунизам.

Во 1922 г. имаше насекаде редовни чети. Во Скопско – Лазо Велков и Величко[14], во Кумановско – јас, во Кратовско – Мите Опилски. По убиството на Симеон Кочански, убиен од бугарските власти и фрлен во село Жилинци – Ќустендилско, за кочански војвода беше повикан Панчо Михајлов, кој првпат влегуваше во редовите на Организацијата. Во Штипско земаа учество Герасим Муставински и Дако, кои му беа помошници на штипскиот војвода Брло. Ефтим Полски дејствуваше во Кочанско. Судирите се избегнуваа. Во 1923 г. само еднаш беше откриена мојата чета. Истата година беше уништен шпионот Манчо во село Винце, кој предал една чета. При неговото убиство, беа убиени и двајца српски стражари, а од нас беше убиен Гоне Манов. На 25 мај 1923 г. во село Крушица, Кумановско, бевме откриени и по мала престрелка го избегнавме судирот и потоа се прибравме во Бугарија. За Македонија замина Цветан Спасов и почна да дејствува во Кумановско, а јас се прибрав во Бугарија на одмор, зашто бев изморен – зимата 1922/23 г. ја поминав во Македонија.

Во 1923 г. заминавме заедно со велешката, скопската и кумановската чета. Ги водевме: јас, Илија од с. Чашка, Величко Велјанов, Стефан Петков и Петар Станчев. Сакавме да направиме околиски конгрес, но засилените шајкачи на избеганите разбојници од Бугарија, на чело со Стојан Мишев[15], Циклев и неговите другари, ни ја

---

[13] Се мисли на Мита Димитриевиќ, пратеник на Радикалната партија за Штипскиот округ, со кого Панчо Михајлов, по налог на Тодор Александров, пред парламентарните избори во 1923 година водел преговори за заедничка изборна соработка.

[14] Се однесува на скопскиот војвода Величко Велјанов – Чичето.

[15] Стојан Мишев (1882-1924), штипски околиски војвода, во 1922 година се отцепил од ВМРО и се приклучил кон МФРО, а во 1923 година се ставил во служба на државните власти на Кралството на СХС, станувајќи еден од раководителите на Здружението на „бугарските бандити" за борба против четите на ВМРО. Во декември 1924 година бил убиен во Штип од страна на испратен атентатор на ВМРО.

попречија нашата намера. Тие ги собираа пушките од населението, измачувајќи ги претходно на најжесток начин. Кога некој од селаните ќе признаеше дека има пушка, му ја оставаа, откако ќе му речеа со неа да ги гони бугарските комити. Зимата што доаѓаше беше втората суштинска пречка за одржувањето на проектираниот конгрес во Скопско. Се одржаа околиски конгреси во Кумановско и Кратовско. Кумановскиот конгрес се одржа во селото Живиње и заседанијата продолжија два дена. За конгресот во Куманово дојдоа Петар П. Божинов и околу 10 души селани. Кратовскиот конгрес се одржа во селото Стојково[16]. На него имаше претставници од Кратово и од селата. На Коледе се врати во Бугарија, при што во Кумановско остана околиската чета на Цветан Спасов, во Скопско – на Лазар Велков, во Велешко – на Илија од Чашка, а во Кратовско – на Стојан Леков. Подоцна, пролетта, и тие чети дојдоа во Бугарија. Така завршувајќи 1923 година. При враќањето, Цветан Спасов беше откриен во Кратовско.

За првпат контраорганизацијата се појави во Штипско, во селото Уларци, а потоа постепено ги зафати сите села во околијата, како и во другите околии, насочувајќи се главно кон планинскиот дел од Кратовско, кон Осоговијата – од полето кон планинската област. И кратовската чета, подгонета од контрашајкачката чета, на чело со предадениот на Србите Мино Станков[17], заедно со една група селани, мажи и жени, отстапија кон Бугарија. Скопската чета го поминала Кратовско пред појавата на контрачетите. Цветан Спасов останал во Скопско и Кумановско и на враќање бил предаден во селото Филиповци, Кратовско, а потоа бил откриен во с. Нежилово, каде што започнала борбата и продолжила целиот ден. Тука паднале двајца-тројца четници, при што Србите успеале да фатат еден жив, којшто бил ранет, а групата од 7 души што останала, се спасила и заминала за Бугарија.

Во 1924 година, месец јули, се направи обид да се премине границата кај селото Саса, Ќустендилско, но српската граница беше

---

[16] По сè изгледа се однесува на с. Којково.

[17] Мино Станков, роден во с. Луково, Кратовско, во 1923 година се ставил на располагање на Здружението против „бугарските бандити" за борба против четите на ВМРО, станувајќи еден од најпознатите разбојници во источна Македонија, за што од државните власти на Кралството на Југославија бил унапреден во чин капетан, а во 1938 година бил избран и за пратенил од Кратовската околија. По капитулацијата на Кралството на Југославија во 1941 година избегал во Турција, а потоа во САД.

цврсто чувана и обидот не успеа. Цветан Спасов замина со четата за Кумановско, а заедно со него заминаа и одделенијата за Скопско и Тетовско. Границата ја преминале кај Китка. Водени беа од кратовски курири. Ги откриле во селото Тополовиќ, Кратовско, уште во зорите, и борбата продолжила до 9 часот вечерта, при што во неа зеле учество потери од Кратовско, Штипско и Кумановско. Во судирот Србите дале многу жртви, во кои дејствувале и со артилерија. Четата ја зазела позицијата во месноста Борса – една височинка, која доминирала над сите ридови наоколу. Дента од четниците бил убиен само еден, а ранети биле неколкумина, меѓу кои и војводата Цветан Спасов. Паднал мрак и со бомби го пробиле патот за да се спасат, при што милицијата ги пропуштила. Меѓутоа, четниците наишле на втора заседа, а војводата Спасов бил тешко ранет и заробен. Биле убиени уште 4-5 души. Четата броела околу 20 души. При носењето на Спасов за Куманово тој починал по патот од раните, а преостанатите 6-7 четници продолжиле да дејствуваат во околијата. По извесно време за Скопско заминаа Лазар Велков и Петар Станчев, а Киро Тетовски замина за Тетовско. Тие се сретнале со преостанатото одделение на Спасов и почнале да ја обиколуваат околијата во продолженија на 10-15 дена. Четничкиот живот станал доста тежок и поради засилените потери, некои од четниците на Лазар Велков избегале и им се предале на Србите. Тоа нешто ги исплашило селаните од сите села, бидејќи се откриј многу афери. Во село Колицко, Кумановско, дошло до борба при што загинале Лазар Велков и неговиот помошник Стојан Петрушев. Тоа се случи непосредно по убиството на Тодор Александров. Преостанатите неколку души ранети се криеле покрај селото Живиње и потоа се упатиле за Бугарија, при што двајца од тешко ранетите останале кај селскиот војвода, којшто истовремено бил војвода и на контрачетата. По 8-9 месеци Тодор Димков и Величко Велјанов се вратија во Македонија за да ги приберат ранетите. Тие отидоа со чета од 15 души, која требаше да остане во Скопско, а тие требаше да ги доведат ранетите; меѓутоа, заради нетактичноста на Велјанов, тие биле откриени и еден од тетовците, заради лошото држање од страна на Величко, им се предал на Србите, бидејќи многу се исплашил да не биде убиен, па наскоро Величко бил откриен, а ранетиот тетовец заробен. На тој начин била откриена целата афера, при што од село Живиње биле осудени 6 души и многу колиби беа опожарени. Беше убиен и војводата на

контрачетата во село Живиње. Тоа нешто се одрази многу лошо во Кумановско.

По убиството на Цветан Спасов и Лазар Велков, заминав на чело на група од 10 души за Македонија. Пет души од групата беа определени за Паланечко, а другите за Кумановско. Границата ја поминавме кај Босилеградско и се упативме кон Врање. Но во Паланечко јас се разболев и требаше да се вратам назад, а другарите продолжија за Прешевско и Кумановско. Групата пристигна успешно во реонот и беше добро примена во селата Дејловци и Младо Нагоричане. Целта на групата беше да изврши атентат на железничката линија Прешево-Куманово. При обидот за минирање на линијата беа убиени Ванко Спасов, старешина на групата, од Младо Нагоричане и Сандо од Тлемино, Босилеградско. Тие биле убиени од двајца другари, кои ни беа дадени во Ќустендил, а потоа тие им се предале на Србите.

Во јуни 1925 г. со група од 8 души направивме обид да ја преминеме границата, но не успеавме. Таа година друг обид не се напрви. Во 1926 г. ја минавме границата, се втурнавме во Кратовско и Паланечко, и се вративме. Имаше силни заседи. Во 1927 г. со 10 души заминав во Босилеградско. Пет души од групата беа определени за Штипско и 5 за Кумановско. Пристигнавме во селото Дренок – Кумановско, каде што по патот бевме забележани од еден србоман, кој нè предаде. Се наоѓавме на еден рид, надвор од селото. Борбата започна околу 2 часот попладнето и продолжи до 9 часот*. Тој беше ранет во коленото со дум-дум куршуми, а Дано Атанасов, од с. Доганица, беше убиен на место. Тука го ранија и едно момче од Штип, мислам дека се викаше Пандо; тој беше тешко ранет, но после се самоуби. Кога излеговме од обрачот, на едниот му дадовме отров, а другиот се самоуби. Отровот го голтна Тодор Димков, а Пандо се самоуби. Излеговме од опсадата и продолживме да обиколуваме во Кумановско цели 20 дена. Србите знаеја за нашето доаѓање и пуштиле по нашите села силни потери. По 20 дена престој се вративме назад. И оттогаш не сме биле во Кумановско. Се направија неколку пати обиди, но сите безуспешни. Во 1928 г. не се презеде ништо, заради појавата на меѓусебните убиства[18]. А имаше можност. А во 1929 г. беа поставени

* Во тој судир загина Тодор Динков од с. Колицко (додадено на крајот на страницата со ракопис – б.м.).

[18] Се мисли на меѓусебните убиства во редовите на ВМРО, настанати по убиството на Александар Протогеров во јули 1928 година на наредба од Иван Михајлов, кога Организацијата се подели на две струи: михајловистичкса и протогеровистичка ВМРО.

веќе и жични мрежи. Во 1930 г. направивме обид да поминеме кај Босилеградско, но бевме фатени од бугарските патроли и вратени назад. Групата броеше 10 души. Петмина од нив беа определени за Штипско.

На крајот, сакам да дадам некои испуштени појаснувања. Треба да кажам дека српските чети можеа да бидат опколени. Но по востанието Организацијата ослабна, а пак од друга страна не ѝ се даваше толку големо значење на пропагандата. Кога се појави првата српска чета, сите наши чети во околијата беа кон селото Бајловце. Тука беа Атанас Бабата, Боби Стојчев, Петар Ангелов, Милан Шуманов и Бајчев. Тогаш јас се наоѓав во Куманово, со задача да го ликвидирам попот Ташко. И другарите, наместо да преземат мерки за новонастанатата состојба со навлегувањето на српската чета, се раскарале и Србите, без да бидат казнети, ја започнаа својата пропаганда. Повод за караницата беше амбицијата за превласт. Едни се претставуваа како внатрешни, други како сарафисти и сл. На пример, Бајчев и Шуманов беа сарафисти исто и Иван Алабакот, кого го убија меѓу Велес и Прилеп. Боби Стојчев беше наклонет кон Сарафов и на двапати беше разоружан со целата своја чета од Мише Развигоров – еднаш во село Сопот, а потоа во село Преот. Тогаш Мише Развигоров беше штипски војвода. Тоа се случи, ако не се лажам, во 1906 година. Таа неслога беше искористена од Србите, кои успеаја да пуштат корени во Кумановско, додека нашите, како што веќе спомнав, ја потценуваа српската пропаганда. Граничните села постојано молеа за пушки и оружје, но не им се даваше. Треба да се истакне дека расправиите меѓу Константин Нунков и Бајчев мошне придонесоа за посрбувањето на Козјак, бидејќи тие го оставија сосема на произволноста на судбината. Уште повеќе, убиството на Нунков од страна на Турците беше резултат на тие кавги. Тој беше убиен во селото Кутлибег. Четите на Нунков и Бајчев се прогонуваа и еднаш таа на Нунков била откриена на лошо место и потоа ликвидирана од Турците, а Бајчев не ѝ притекнал на помош, и треба да се одбележи дека тоа нешто се случуваше во почетокот на српската пропаганда.

По убиството на Нунков, четата на Бајчев се прибра во Бугарија и околијата остана без чета. Сега веќе Србите слободно навлегуваа во селата и одвлекуваа некои учители: Петре Караманов од селото Арбанашко, тамошен учител, Цветко Зајков, учител во селото Бајловце, Величко, учител во селото Челопек, Граматиков, учител во селотото Младо Нагоричане и Теодоси Шољаков, учител во

село Бељаковце. Тоа беа едни од првите наши организациски луѓе. Во Канарево беше убиен познатиот дедо Канаревски – виден богаташ. Инаку нашите, уште продолжуваа да не ѝ обрнуваат внимание на пропагандата што се засилуваше. Во тоа време, во Бугарија од селото Орах пристигнаа селани за да молат за пушки. Србите во село Бајловце го убија истакнатиот работник од пред Виничката афера, Божил Костадинов, напаѓајќи го и учителот во селото Главци[19] – Хаџи Тонев, којшто беше родум од Велес, но селаните, добро организирани, го одбија нападот.

Србите располагаа со 5-6 групи во еден реон, којшто почнуваше од Прешево, во правец кон Врање и досегаше до Босилград. Поради теророт во Куманово избегаа 50-60 семејства, сè тврдоглави Бугари, кои не сакаа да се посрбат. Најмногу ги имаше од село Бељаковце – 10 семејства, заедно со свештеникот, од село Коинце – 5 семејства, од село Орах – 5 семејства, од село Канарево – 3-4 семејства и од село Степанце – 4 семејства. Подоцна, по Уриетот, тие се вратија назад во своите села. Такви поединечни личности имаше многу. Избегани семејства имаше и од други села. Со своите напади Србите започнаа во 1904 г. и продолжија до пролетта 1905 г. Инаку, слегувајќи кон полето, тие наидуваа на голем отпор, како во село Младо Нагоричане така и во Облавце, каде што не можеа без тешкотија да влезат. Тука тие многу често напаѓаа, но беа одбивани од селската милиција. Селата располагаа со доволно пушки, па и раководителите беа неуморни луѓе. Во Нагоричане имаше околу 40 пушки, а во Облавце околу 30. Ако граничните села располагаа со пушки како планинските, лесно ќе ги одбиеја српските напади.

На Србите во Паланечко не им беше даден отпор и по десниот брег на Крива Река ги посрбија сите села, со исклучок на Жидилово, Трново и Градец. Во Паланечко имаше наша чета, која ја водеше Илија Такев, од Свиштов и од Кирлиев. На чело на пропагандата дејствуваше некојси Кара Георги, од Јамбол, бивш бугарски четник во Кумановско. Во акцијата за разоружување, тој избега во Бугарија и беше убиен на границата. Во Скопско дејствуваа србомански чети, но тие не ги посрбуваа бугарските села. Изгледа дека тоа се вршеше од тактички причини, бидејќи српските села се наоѓаа близу до арнаутските. Во Кумановско, србоманските чети беа предводени од месни србомани. Така, на пример, Јован Довезенски беше местен учител

[19] Село со вакво име нема во Македонија.

во старо србоманско село. Дитко, исто беше србоман. И двајцата беа реонски војводи. Крсто Трговички дејствуваше во Прешевско. Тие се собираа во Прешевско кога планираа некој напад на бугарски села и оттаму постепено се симнуваа во полето. Подоцна, нелегален стана и србоманскиот свештеник поп Дичо. Поголемиот број четници беа месни луѓе – србомани. На чело имаше и српски офицери, кои ги именуваа војводите. Нашите чети на неколку пати се сретнаа со четите на пропагандата. За почести средби не дозволуваше и самата месност, а на српските чети им помагаше и самата турска власт. За одбележување е, кога ќе нападнеа некое село, Турците претходно вршеа претрес по селата и секогаш, може да се тврди, тие беа претходно известувани за планираните напади од страна на пропагандата. Имаше дури и случаи – денес Турците прават претрес во едно село, а вечерта Србите го напаѓаат.

Од жртвите на пропагандата јас ги спомнав само поистакнатите.

Во Кумановско, главен србомански војвода беше Георги Скопјанец, родум од Ипек[20]. Имаше и еден војвода, по име Темелко, од селото Башино Село.

Меѓу првите организациски работници што ги поставија основите на Организацијата во Куманово се: Авксенти Борозанов Георгиев, Стојчо Чакров, Ангел Голомехов, Христо Кипрјанов и др.

Софија, мај 1933 година

[20] Денес, маало во с. Пезово.